**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 ноември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,41часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски :** Дами и господа пратеници,

Продолжувуваме со Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Иван Стоиљковиќ, Кенан Хасипи, Јован Манасиевски, Али Ахмети, Блерим Беџети, Славица Грковска Лошкова, Александар Николовски, Амди Бајрам, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Имер Селмани, Фијат Цановски,Христина Рунчева, Тито Петковски, Соња Мираковска, Горан Мисовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 15. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште, со Предлог на закон.**

Продолжувме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот Ќуркчиев Никола.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван претседателе

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Денес имаме една сериозна расправа за еден закон кој што до сега немаше сериозен третман ниту од предлагачите, ниту пак можеби од нас колегите пратеници, меѓутоа, јавноста е повеќе заинтересирана за овој закон. Дека не секогаш изработката на закон е сериозна и одговорна работа, потврдува и овој Предлог на закон. Во прилог на ова би кажал дека при носење на овој закон само пред четири месеци во јули оваа година кажавме на голем број на пропусти кои што ги содржи овој закон. Тогаш, скоро сите наши предлози беа отфрлени и денес за жал морам да констатирам дека огромниот број на слбости си останаа и во овој Предлог закон.

Почитуван заменик минситер, не можам да разберам зошто така еден важен закон, ако веќе морало да се донесе по итна постапка, без претходно да се уважи мислењето на голем број институции, голем број на експерти од оваа област кои што ако ги послушавме, сигурно ќе го подобревме квалитетот на постојниот закон и сигурно денес ќе имавме поквалитетен Предлог на закон. Во предложениот текст на законот воопшто не е обработена можеби најважната нормативна материја што ги третира стварните просторните, земјишните, инжињерските, управно-правните и сопственичките начела, обврските и процедурите за реализација на основното право што произлегува од градежно земјиште. Заради што, всушност, почитуван заменик министер, постои овој закон, а тоа е правото на градење.

Почитувани колеги, во постојниот и предложениот закон постојат повеќе пропусти и дозволете ми јас само да набројам дел од нив. Бидејќи, аргументите за носење на овој закон е бројката од 64 пратеници и ниту еден друг аргумент.

Првото нешто што би го спомнал, не постои дефиниција сеуште за градежно земјиште, услови за негово оформување и за прогласување.

Второ, недостасува цело поглавје за видовите на градежното земјите.

Трето, нема ниту збор за единици на градежно земјиште и услови за оформување и прогласување на градежна парцела.

Четврто, општините во Република Македонија немаат право да купуваат и да бидат сопственици на градежно земјиште според постојниот закон. Според овој закон кој што го нудите денес, општините, почитуван заменик министер, кој според Уставот се единствено надлежни за уредување на градежното земјиште немаат право да купуваат градежно земјиште. Тоа е навистина голем, да не речам голем апсурд. Цела Европа, сите земји членки на Европската унија не советуваа дека е време да го преотстапиме земјиштето на управување на општините, меѓутоа ние со овој закон, знаете и сами дека не им даваме дури и да купат општините земјиште. Да е апсурдот поголем, според нашето законодавство, за да го уредиш просторот, мора да го уредуваш. Тука е големиот апсурд, почитувани колеги.

Петта работа, која што е сериозен дефект на овој закон е надоместокот на употреба на градежно земјиште или познатата градска рента која што повторно воопшто не е спомната, не е регулирана и тоа е можеби, не знаете, меѓутоа, најважниот надоместок со кој се уредуваат сите градови во светот, па и нашите градови во Република Македонија. Ако не ја регулираме оваа материја во овој закон, во кој тоа закон ќе се регулира оваа материја.

Шесттата работа или недостаток на овој закон што сакам да го спомнам е надлежноста, правата и обврските на уредување на парцелираното градежно земјиште наменето за градење на објекти кои не се регулирани.

Седмата работа, повторно почитуван заменик министер, во овој предлог на закон не е променета состојбата и останууваат категоријата на времени објекти. Сите ние добро знаеме дека тоа е една голема корумптивна градба по дефиниција. Времени објекти денес некој да предвидува, па тоа е повеќе од недозволиво. Времетните објекти не постојат воопшто во системот на планирање и уредување на градежното земјиште. Па, ако не постојат, никој и не смее да ги планира.

Почитувани колеги, времените објекти се непосредно спротивно на Уставот, заради тоа што се спротивни на режимот на користење на градежното земјиште утврдено со урбанистичкиот план.

Почитуван заменик министер, после моево обраќање јас ќе оставам еве три минути време, бидејќи 10 минути имаме право да боруваме, би ве замолил да земете збор, да не убедите, да ни објасните врз која база, врз кои аргументи ги нудите измените на овој закон. Ве молам, направете го тоа за да и ние од опозицијата гласаме за овој Предлог закон. Што е тоа што се промени во Република Македонија од пред 4 месеци. Што е тоа што се смени во Република Македонија, кои се елементите, кои се аргументите за 4 месеци само имплементирање на овој закон, вие да ја смените, се разбира да го смените соодносот од средствата за оутуѓуивање на закупнината од градежно земјиште, сопственост на Република Македонија да кажете дека и понатаму е приход на Буџетот на Република Македонија. Приходите на овие средства во јули не убедивте дека е добро да бидат во соодно 60:40. Што се случи, сега вие да нудите нов соодно од 20:80. Зарем мислите дека таа маска која што ја ставате ќе можете да ја носите на себе.

Почитуван заменик министер, општините во Република Македонија го бараат она што го нуди законот. Меѓутоа, за 4 месеци бараат да ги слушнат елементите и аргументите зошто барате промена на овој закон.

На крајот на краиштата сакале да признаете вие или не, меѓутоа колку и да посакувате централизација на власта, тешко ќе оди. Тоа е ретрограден процес.

Од тие причини ве замолувам, излезете на оваа говорница, кажете ги вашите аргументи зошто барате промена на овој соодно, за да би можеле и ние пратениците од опозицијата да гласаме за овој предлог. Вака, само ќе сметаме дека прераспределбата на средсдтва која што само навидум е во корист на општините, лесно ќе може да ја прочита секој.

И, ве замолувам дајте ни аргументи и ние да го браниме овој закон, заради тоа што студирањето, читањето, не го правиме само ние пратениците, не го прават само граѓаните на Република Македонија, туку го прават и меѓународните фактори кои што ја следат нашата работа.

Ве молам, се надевам дека правилно ги разбравте овие мои укажувања и сметам дека има голем број веројатно на аргументи зошто тоа заз само 4 месеци барате промена на еден ваков сериозен, би рекол клучен закон во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Бидејќи беше повикан заменикот министер и мислев дека тој ќе одговори, но без разлика, почитуван колега Ќуркчиев апсолутно сте во право она што го говоревте. Токму во таа насока кога законот беше во собраниска процедура имавме бројни амандмани и јас, а исто и вие и тогашната пратеничка група на ЛДП и на СДСМ беа во оваа насока. Но, тоа ќе ни се случува се додека не се прифаќаат забелешките од страна на колегите пратеници, така што на крај ќе имаме носење на закони, еднаш, два пати или три пати во текот на годината со одредени дополни и измени, е тоа го имаме и сега. Но, не само што имаме повторно закон кој што бил, почитуван колега Ќуркчиев, во август во собраниска процедура, денес повторно го враќаме и се губат седници за да дебатираме околу неговите измени и тоа измени токму онакви на кои што укажуваше опозицијата. Но, за жал, сеуште има големи недостатоци во законот. Според тоа, очекувам дека другите забелешки кои што вие ги кажавте, кои што беа и ги имавме истите пред една година дека набрзо ќе следуваат уште 4 - 5 до 6 измени на овој закон повторно во собраниска процедура и кои што исто така ќе бидат во насока на она што ние го укажувавме. Тогаш ќе биде подобро за парламентарното мнозинство, затоа што нема да може да го види јавноста со новиот Деловник тие нема никогаш ни да стигнат до Собраниска процедура и да можеме пратениците да дебатираме односно да укажеме зошто вака ни се случува.

Што се однесува до меѓународната заедница која што ја спомнавте, пак почитуван колега ќе укажува и ќе имаме негативни извештаи, но тоа многу малку ги засега пратениците и министрите од парламентарното мнозинство.

Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам почитуван претседаеле,

Почитуван заменик министер, почитувани колеги и колешки,

Пред нас е уште еден предлог за изменување на законот за градежно земјиште, за кои мојот колега Ќуркчирв кажа дека е донесен пред 4 месеци и имплементиран четири месеци. Јас не би се сложил со тоа и мислам дека многу пократок беше периодот од носењето до донесувањето на измените на овој закон, од прилика некаде 15-тина дена од неговото имплементирање. Значи, за 15 дена ние ги менуваме ставовите, а на Комисијата беше кажано зошто се врши оваа измена, дека созреале условите за носење на измените на овој закон.

Прво, заменикот министер би го прашал, кои се тие услови кои се промениле за 15 дена, за да Министерството носи нов предлог закон за измени и дополнувања на Законот за градежно земјиште. Меѓутоа, многу ми е жал што денес не е присутен министерот за транспорт и врски до

кого имам да упатам неколку прашања и за овој закон и за други случувања во Република Македонија односно во Охрид кои што се случија во изминатиот период. Меѓутоа, ќе го искористам правото да го запрашам заменикот министер, затоа што охридската јавност ја растревожи 53-та седница на Соетот на општина Охрид, на која беа донесени повеќе детални урбанистички планови. Меѓутоа, само за една урбана заедница 8, урбан блок 8, точка 3 се крена поголема прашина.

Морам да кажам во интерс на јавноста, затоа што постапката за донесувањето на деталниот урбанистички план за урбана заедница 8, урбан блок 8, точка 3 целосно е воден во согласност со одредбите на законот за просторно и урбанистичко планирање и тоа во сите фази од постапката, со претходно прибирање на сите потребни мислења и согласности од надлежните органи и институции. Што значи сето тоа? Изработен е нацрт план, изработена е стручна ревизија на Нацрт планот од страна на просторот од Скопје, доставен е договор за стручна ревизија од изготвувачот на планот од јуни 2008 година. Добиено е стручно мислење од Минситерството за транспорт и врски на 22. 07.2008 година, Нацрт планот е утврден од страна на Советот на општина Охрид со Одлука од 28.07.2008 година. Прибавено е мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор за просторно планирање. Донесено е решение за организирање на јавна анкета и јавна презентација на Нацрт планот. Објавено е соопштение за јавна анкета на Нацрт планот. Доставен е записник од јавна презентација по Нацрт планот. Доставен е извештај од јавна анкета и јавна презентација по Нацрт планот. Доставено е и известување за постапувањето по извештајот од јавната анкета и презентацијата. Доставена е програма за изработка на урбанистички план и изготвен е предлог план за урбана заедница 8, урбан блок 8, точка 3. Значи, целосно е запазена процедурата, без никакви отстапки. Што се случува? Во моментот на носење на одлуката на седницата на Собранието на Советот на општина Охрид, ден после тоа министерот носи ништвона одлука. Од кои причини сето тоа мора да и го објасни на македонската јавност. Јас мислам дека министерот се најде меѓу чеканот и наковалната од една страна притиснат од градежните форми кои што се нови сопственици на земјиштето, а од друга страна од општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ кои што не му ги знаеја неговите крајни намери и ги помешаа сите сметки на господинот министер. За ова минситерот поднесе кривична пријава до градоначлникот на општина Охрид. . .

**Трајко Вељаноски:** Колега, зборувајте по законот. На почетокот почнавте, не зборувавте ниту една минута, ни една секунда по законот. Ве молам, придржувајте се до законот.

**Томе Чинговски:** Почитуван претседателе, по зкаонот зборувам, точно по законот зборувам за да се надоврзам како минситерот ги менува законите и како го менува своето мислење. Со примери ви кажувам. Ние мораме да ја известиме јавноста како се менуваат законите.

**Трајко Вељаноски:** Имате прес конференции и можете таму да зборувате. Овде моментално сега точка на дневен ред е закон за измени и дополнување на Законот за градежно земјиште. Ве молам, кажете еден збор по тој закон.

**Томе Чинговски:** Ве молам, да не ме прекинувате претседателе, затоа што по таа точка зборувам. Внимавајте и ќе видите дека зборував по таа точка.

Да довршам, министерот поднесува кривични пријави на грдоначалникот и на советниците во општина Охрид, а се надевам за многу брзо време министерот ќе го смени и тоа мислење, ќе си поднесе кривична пријава на самиот себеси.

Во образложението на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште се наведува дека промената на една од поважните одредби е заради следново, заради потребата од поинаков начин на прераспределбата на средствата кои се добиваат од отуѓувањето и давањето под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија, кои се уплаќаат на сметка на Буџетот на Република Македонија. Во моментот приходите од овие средства се распределуваат во сооднос 60% за Република Македонија и 40% за општините од подрачјето на градот Скопје во зазвисност од место положбата на градежното земјиште, кое е предмет на отуѓувањето односно давањето под закуп. Ако се знае дека законот за градежно земјиште последен пат претрпе измени во јули 2008 година, значи само пред неколку месеци се појавува прашањето што се случи во меѓувреме. Ова го поставувам како прашање, затоа што измените кои што се предлагаат сега односно распределените средства меѓу државата и општините ќе бидат 80:20.

Да не бидам погрешно разбран, јас како и мојата пратеничка група се залагаме за што поголем процент и поголема самостојност на општините и тоа го докажавме преку многу примери.

Сметам дека овие средства би требало и во целост да им припаднат на единиците на локалната самоуправа. Но, од друга страна барам од предлагачот да образложи кои се причините поради кои вакви измени се прават само по неколку месеци. Како може таканаречената потреба за поинаков начин на препраспределба да се смени од јули до ноември. Веројатно, причината е еднократна, односно причина се повторно изборите, овој пат локалните кои ни претстојат за неколку месеци. Како и за многу други прашања актуелната власт нема намера да носи квалитетни и одржливи решенија на проблемите, туку само постојано ги менува законите и тоа исклучиво според моменталните проценки, или според одредени интереси на луѓето од врвот на власта. Се на се, поинквата распределба на средствата, која како што гледаме е во корист на општините. И тоа е добро, но уште подобро ќе биде кога градежното

земјиште целосно да го менаџираат самите општини. Таков чекор ќе биде во насока на децентрализацијата и зголемување на приходите на општините. На тој начин еден таков потег, директно би го поминал и локалниот економски развој на македонските општини. Вака, како сега се, менуваат одредбите, вака повторно се пристапува кон едно решение, коа е само делумно, а не води кон вистински промени во оваа сфера. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господин Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов**: Благодарам претседателе.

Јас на почетокот давам забелешка затоа што не се дискутираше по однос на предлог законот, но јас ќе се осврнам на она што и претходниот дискутант зборуваше и ќе направам дека сето тоа значи, во смисла на урбана заедница, урбан блок 8, точка 3, кој што е во 12, 60 хектари. Значи, е дадено првично мислење во кое што се вели:" до Министерството за транспорт и врски и од страна на Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, доставено е решение број тој и тој, со кој Арехеолошкиот локалитет Бебунар кој се наоѓа на планскиот отпад на предлог ДУП-от од урбаната единица 8, урбан блок 8-3 во Охрид, се става под привремена заштита. Во истото решение е определено дека рокот на траењето на привремената заштита изнесува 2 години од денот на донесувањето не решението, во кој период никој не смее да оштети ниту да уништи добро од привремената заштита". Врз основа на ова решение кое што го има издадено Министерство за култура, значи министерот за транспорт и врски, издава друго решение. Јас тука сакам да апелирам до пратениците од СДСМ да не ја злоупотребуваат говорницата и мислам дека треба да се извинат на министерот Миле Јанакиески, затоа што изнесоа толку големи невистини, што е вчудоневидувачки, затоа што и самиот градоначалник на Охрид укажува на тоа дека имаат одлична соработка со министерот за транспорт и врски. На ваква една слаба координација, или да речеме некој маркетишки потег кој што сака господинот да го постигне, господинот Чинговски , не знам дали после ова маркетинг во смисла на она што предизборна кампања на СДСМ. Познати се нивните несогласувња во партијата, а тоа не значи дека треба да ја злоупотребуваат говорницата тука и да го напаѓаат министерот за транспорт и врски.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, да говорите по точката на дневниот ред.

**Цветко Грозданов:** Уште еднаш би апелирал до пратениците од СДСМ, Собранието на Република Македонија им подели лаптопови, нека ги уклучат, на Инернет ги имаат сите тие работи, можат да ги пролистат и да видат кои се датумите. Не можат да кажат дека ден после кога заседаваше Советот на општина Охрид, дека ден после тоа се стигнати документите во кои што има писмен и аудио запис, а го иима и ден денеска , ова што се веб порталите во кои се укажува дека недела пред одржувањето на седницата не Собранието на општина Охрид, беа запознаени со ова решение што министерот за транспорт и врски господинот Миле Јанакиески го достави. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам, благодарам и на мојот почитуван колега. Сето тоа што го прочита јас го имам тука. Тоа е со датум 16.10 . седницата се одржа на 24.10, меѓутоа овој е допис кој е пратен до министерот за транспорт и врски, а процедурата за носење на еден Детален урбанистички план, господине Цветко вие бевте советник во општината Охрид и знаете дека трае цела една година. А не може ден или три дена пред одржувањето на седницата да се донесе вакво решение. Претседателе ќе ве молам овозможете ми нормална дискусија. Да не ми дофрлаат.

**Трајко Вељаноски:** Повелете продолжете.

**Томе Чинговски:** Значи, решението кое го донел министерот е на 21.10, а во Собрание во општиан Охрид е примено на 25.10. Тоа може многу лесно да се провери, така да не ја залажувате македонската јавност. Господниот министер да одговири на прашањата кои што беа постевни, а вие како потпарол што има да се јавувате.

**Трајко Вељаноски:** Сепак би сакал колеги да ве потсетам, вие сте пратеници во Собранието на Република Македонија, а не советници во општина Охрид.

Има реплика господинот Стефановски Владо, повелете.

**Владо Стефановски**: Благодарам претседателе.

За волја на вистината и за расчистување на оваа ситуација која ја начна пратеникот Томе Чинговски на која дискусија очигледно не и е место во ова Собрание, ниту е по точката. За некоја недела ќе имаме пратенички прашања па може тука да најде мести и простор за овој негов говор, меѓутоа, за волја на вистината, морам да потцртам неколку работи. Кој е против во Охрид и во ова Собрание од заштита на кулрното богатство на Охрид и соодветно откривање, конзервирање и зачувување. Токму во таа насока беше донесен актот на музејот во Охрид, испратен до Дирекцијата за заштита на културнот богатство и донесено решението за ставање на таа зона под привремена заштита и забрана за носење на детални урабанистички планови во рок од две години. Сега овде слушам една конструкција изнесена од пратеникот Томе Чинговски кој до скоро беше шеф на кабинетот на градоначалникот и веројатно во тоа својство овде настапува. Конструкцијата е во смисла на одбрана на градоначалникот дека немал сознананија за таква забрана и ги примил актите не на денот кога ги примил благовремено во општината, туку ги примил по носење на

одлуката на Советот, за да може дасе одбрани од кривичната пријава, а кривичнот дело го направил со злоупотреба на службената положба.

**Трајко Вељаноски:** Господине Стефановски ве молам имате реплика.

**Владо Стефановски:** На говорењето на Томе Чинговски

**Трајко Вељаноски:** Јас ве опоменав дека зборува надвор од самиот текст на законот. Ве молам барем вие во репликата.

**Владо Стефановски:** Ќе завршам кратко. Има надлежни органи да донесат решение за ставање на забрана за носење на детални урбанистички планови, има надлежни органи да ја процесуираат кривичната пријава дадено од Министерството за транспорт и врски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика Чинговски Томе, повелете

**Томе Чинговски:** Благодарам почитуван претседателе.

Со ова господинот Стефановски и господинот Цветко потврдија дека се директно инволвирани во она што значеше..

**Трајко Вељаноски:** Ве молам немојте така, ве молам не е во ред. Не е коректно.

**Томе Чинговски:** Таа тема ја дискутираме. Јас имам право на контра реплика на таа тема што дискутираше пратеникот Владо, јас сакам да одговорам. Значи дефинитивно се потврдува дека општинскиот комитет одлучува како да постапува министерот за транспорт и врски. Овој е еден од доказите кои што најверојатно..

**Трајко Вељаноски:** Не е во ред, не во ред сега Собранието да го инволвирате за случувањата во општина Охрид. Благодарам.

Има збор гопсодниот Лазарев Јован, повелете.

**Јован Лазарев**: Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници ве молам ако може малку ред.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, да го сослушаме колегата.

**Јован Лазарев:** Со овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште се подржува и понатаму се продлабочува децентрализацијата во Република Македонија.

Овие измени на Законот се чекаат со нетрпение во сите општини во Република Македонија и сите совети и сите градоначалници, вклучувајќи го и градот Скопје.

Со овие измени, Државниот буџет, односно државата се откажува од поголемиот дел на средствата, од отуѓувањето и закупнината во сопственост на Република Македонија. До сега, сп постојниот закон, овие средства се делеа во проценти, 60% за Буџетот на Република Македонија, а 40% се слеваа во Буџетот на општината. Сега, со овие измени се предлага драстична промена, за што кажаа и претходните дискутанти, од овие средтсвата 80% ќе се слеваат во Буџетот на општините, а само 20% во Буџетот на Република Македонија. Со овој закон се регулира и распределбата на овие средства во општините и градот Скопје, како посебна целина, за кој што е предвидено приходите од овие средства да се делат 50% за општината и 50% за градот Скопје. Со Законот се регулира и плаќањето на градежнот земјиште со обврзниците што се добиваат со денационализацијата и со кој што може да се плаќа до висина од 20% од вкуната вредност или износ на земјишетето.

Зашто сега се предлага овој закон, а не пред неколку месеци или лани. Ние сега имавме проектирање на буџет кој што Владата го усвои и ќе го достави оваа недела до Собранието на Република Македонија, па веројатно предлагачот, проектирајќи го Буџетот на Република Македонија, увидел дека може да ја направи оваа измена, односно да направи една нова прераспределба на средства од отуѓувањето и продажбата на градежното земјиште, па затоа , сега ни го предлага е не пред неколку месеци кога немал всушност увид во целокуниот Буџет на Република Македонија за 2009 година.

Законот ја подобрува финансиската кондиција на општините и од тие причини јас ќе го подржам овој Закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска**: Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, денес го имаме на дневен ред Предлогот на законт за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште. Од мојот претходен колега говорник ни беше кажано во кој дел всушност, се предлага измена на овој Закон.

Имено, се предага средствта од оттуѓувањето и од закупнината на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, кој што се уплаќаат на посебна сметка, во рамките на трезорската сметка, да се распределуваат 20% за Република Македонија и 80% за општините.

Овој предлог лично за мене е прифатлив и истиот ќе го подржам, а се надевам дека подршката ќе ја имаме и од претставниците, односно пратениците од опозицијата со оглед на тоа што точно на ова прашање и по однос на оваа распеделба, колегите пратеници од минатиот мандат бараа соодност да биде во корист на општините, а денес имаме повисока стапка на средства во корист на општините од тоа што тие го бараат. Министерството за транспорт и врски на Република Македонија согледувајќи ги ситре аспекти ни ја предлага оваа измена. Имено, овозможува со оваа измена, условите на општините да добиваат поголем прилив на средства и условите на општините да бидат подобрени по нивното работење.

Од моите почитувани колеги, особено од оние претставници од опозицијата, денес слушавме

дек аоваа измена се предлага затоа што наводно доаѓаат локалните избори, па тука би сакала да ги потсетам почитуваните колеги дека градоначалници, луѓе кои што ги водат општините, имаме и од спротивната страна, односно претставници од СДСМ и верувајте, почитувани колеги интерес на секој градоначалник е да се слеваат поголеми средства во нивните општини, затоа што не смееме да заборавиме дека не треба градоначалниците да се делат по ваков или таков основ, средствата ќе доаѓаат на сметките на сите општини. Тоа е прашање кое што е подржано од сите градоначалници и со душа се очекува донесувањето на овој денешен предлог на измена на Законот за да се овозможи натамошна реализација на процесот на децентрализација и слевање на поголеми средства.

На крајот би сакала да кажам дека Министерството за транспорт и врски е едно од министертствата кое носи реални и променливи закони, Закони кои ќе овозможат да бидат иплементирани и од тие причини денешната измена на овој Предлог на закон е прифатлива и ценам дека ќе биде подржана од сите колеги. Прашања беа поставени во насока зошто сега се предалга ваква измена и што всушност е променето. Почитувани колеги пратеници, сакам да кажам дека  она што значи прифаќање, подржување, дури и сугестиите кога доаѓаат од спротивната страна, вашите сугестии кои што беа изложени во минатиот мандат, денес кога кажуваме дека се прифатени, вие одите со дискусии во негативна насока. Не би смееле на овие седници и овие говори кои што тука ги имаме во Собранието од популистички цели и од политичка припадност, тогаш дури и кога самите нешто предлагаме, а ресорното министертство го прифати да се доведеме во ситуација то да го критикуваме. Јас не сакам да мислам дека дискусиите се во насока на популистичка презентација пред граѓаните и се надевам дека ова ќе биде прифатливо и за вас. Ви благодарам и се надевам дека ќе биде подршката и од вас.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе, почитуван претседателе, почтувани колеги пратеници од забревтаната машина на владеачката партија на носење на закони , како на една фабричка лента, пред нас проилезе еден незаконски проект би го нарекол, пред кој што да ве потсетам колеги пратеници од ВМРО ДПМНЕ и од ДУИ, односно од владеачкото мнозинство, се изјаснувамвме пред неполни три месеци. Но, тоа секогаш е така во ова Собрание, кога некој по никоја цена не сака да прифати добронамерни сугестии, мислења и ставови, посебно на релација Влада опозиција.

Намерата на СДСМ при носењето на Законот за градежно земјиште во почетокот на јули, имаше за цел, како што е тоа впрочем со секоја наша активност овде во Собранието да се донесуваат не брзи закони, како што милувает вие а ги кажувате, туку напротив, добри и квалитетни закони. Ни требаат, почитувани колеги пратенци, закони кои што се  во согласнот со европската легислатива, но исти така и закони кои што ги решаваат проблемите, или пак закони кои што ги тиштат граѓните на Република Македонија, односно оние кои што не избрале во овој законодавен дом. Затоа, нашата пратеничка група и во однос на овој законски проект нудеше поинакви решениа и даваше предлози и амандмани со кои што ќе се подобреше она што Владата сакала да го регулира со овој закон. Меѓутоа, како и секогаш се покажа дека владеачкот мнозинство навистина е глуво и си изгласува закони онакви, какви што ќе  ми ги диктира Владата . Се потврди почитувани колеги дека сето тоа е и во овој случај, односно со овој закон. Законските решенија што ги нудеше Владата, а што ги изгласа гласачката машинерија на коалицијата на власт, би кажал сега ја доживуваме со три месеци доцнење на еден ремонт. Пред нас е само после три месеци повтроно Законот за градежно земјиште со предложени измени и дополнувања на овој закон и повторно со понудените измени со кои што имате намера да го подобрите овој закон не се опфаќаат целосно нашите укажувања кои би го подобриле овој закон, туку тоа е само во еден сегмент. Би рекол дека овие предлог измени содржат повеќе популистички и макретиншки пристап на владеачката партија, туку една искрена желба да се донесе еден квалитетен закон.

Убеден сум, почитувани колеги пратеници, дека мошне скоро Владата ќе го дополнува и овој закон по кој сега расправаме и не е чудо повторно да навлеземе во една собраниска процедура што тогаш би го дефинирале како предлог измени на измените со кои биле вршени измени.

Веќе реков дека со понудениот текст за измени и дополнувања на овој постоечки закон се нема намера да се внесе еден поголем ред во оваа сфера и навистина да им се помогне на општините.

Општините, почитувани претставници од Владата, се во една сосема лоша финансиска кондиција без сопствен имот и без реални сопствени извори за планирање на долгорочниот развој на општините што ќе значи подобрување на економските состојби на општината, а со тоа и квалитетот на живеењето.

Наспроти ваквата состојба беше нагласено очекувањето дека многу нешто ќе се подобрат на тој план со спроведувањето на децентрализацијата. За жал, овој процес запре, на разочарување на европските институции затоа што навистина има само една причина, а тоа е дека Владата не сака да се развласти или сите свои ингеренции да си ги пренесе на општините. Владата намерно ја кочи децентрализацијата се додека не го оствари својот сон на пример, премиерот Никола Груевски на следните локални

избори да дојдат градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ и после тоа ќе може да следи, претпоставувам, за да биде успешна Владата, па и градоначалниците на ВМРО-ДПМНЕ еден вистински и искрен процес на децентрализација.

Токму популистички звучи ова што е предложено како измена на Законот за градежно државно земјиште.

Но, господа пратеници, не е решението во тоа што се зголемувам процентот од средствата што останувaат во општинските каси со продажбата на земјиштето, вистинското прашање е кој ќе менаџира со општините, дали тоа ќе биде Владата или градоначалникот. Ако остане и понатаму Владата да менаџира со земјиштето, а не градоначалникот односно локалната власт или општината, тогаш и со овие предлог измени и 100% од средствата да останат во општините е само привид за еден добиен поен кој не решава ништо во суштина или не решава никакви проблеми на граѓаните од одредена локална самоуправа.

Зошто е тоа така? Затоа што ако искрено не се препушти градоначалникот да менаџира односно општината со земјиштето, тогаш и понатаму Владата ќе манипулира како и до сега, или нема да објавува тендери или ќе објавува, но со такви услови кои во суштина ќе ги брка потенцијалните купувачи на одредено градежно земјиште во одредена локална самоуправа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе.

Би сакал да дадам една кратка реплика во однос на излагањето на колегата Минчев, бидејќи еве покрај него уште двајца пратеници од СДСМ наведоа наводи по нивно кои претставуваат чекор назад, барем јас така ги сфатив, во овие предложени измени.

Би сакал едно дообјаснување од колегата Минчев. Минатиот пат кога се носеше измената на законот амандманот кој СДСМ го предложи во однос на процентот кој ќе припадне на локалните самоуправи беше 50%. Сега, наместо 50% Владата реши со предложените измени да изнесува 80%, што верувам дека ќе се согласиме без оглед на нашата политичка припадност, дека е сепак чекор напред.

Во однос на тоа кој менаџира или кој управува со градежното земјиште, колега Минчев се надевам дека го знаевте законот дека и до сега управувањето односно урбанизацијата на градежното земјиште беше исклучиво право на единицата на локалната самоуправа. Дали и каква намена ќе се даде на градежното земјиште единствено решава градоначалникот и Советот. Единствено Советот е тој кој ќе ја одреди намената на земјиштето и единствена работа која во моментот Министерството ја прави тоа е спроведување на постапка за продажба на градежното земјиште. Секаква можна манипулација за која вие зборувате не може да биде ставена на товар на оној кој учествува само во објавувањето на јавниот повик. Доколку единицата на локалната самоуправа сака инвеститор, доколку сака развивање на стопанството, треба да го предвиди во Деталниот план и така донесениот од страна на единицата на локалната самоуправа ќе биде предмет на реализација. Секое друго објаснување дека Владата или министерот може на било кој начин да врши манипулација, мислам дека не одговара на вистината и сите ние како пратеници посебно вие кои од почетокот се залагате за што поголема децентрализација во делот на управувањето на градежното земјиште треба да го прифатите овој чекор бидејќи и покрај тоа што рековте дека е ова некој незаконски проект, навистина не знам како може закон да претставува незаконски проект, сепак е во насока на поцелосна имплементација на децентрализацијата.

Доколку имате било каква друга идеа тоа треба да се поднесе како амандман, да го разгледаме и вашите конкретни идеи да бидат предмет на расправа.

Во овој случај СДСМ има предложено само 3 амандмани, далеку помалку од оние негативности кои вие и колегата Ќуркчиев ги набројавте во шест или седум точки, така што мислам дека тоа што сметате да биде подобрено како опозиција треба да го предложите како амандман. Сето спротивно е само објаснување на начин кој на секој од нас му одговара. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам само накратко со контра прашања да одговорам на почитуваниот колега.

Би сакал да прашам зошто пред три месеци оние амандмани кои ги спомнува колегата не беа прифатени од владеачкото мнозинство. И во дебатата која ја водиме по ова прашање неколку пати го повикавме министерот да објасни и да даде свој аргумент што се смени од тогаш до сега во изменувањето на процентот кој ние во форма на амандман го предложивме. Неколку пати го повикувавме да излезе на говорница, меѓутоа, не добивме никакво образложение.

Ако не се сеќава почитуваниот колега каде имаме случај дека Владата директно дава земјиште, би го повикал сега на паузата која ни претстои да излезе на кејот на Вардар, да прошета, да види колку е тој простор заграден кој е направен со директна спогодба на Владата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Јас би сакала само една кратка реплика.

Почитуваниот колега Горан го прашувам дали ќе даде подршка на предложената измена на Законот. Сакам да одговори со да и со не за да

слушен целокупната македонска јавност, за да слушнат сите градоначалници во Република Македонија вклучително градоначалниците на СДСМ, на ВМРО-ДПМНЕ и на сите политички партии кои владеат со општините затоа што сите градоначалници ја очекуваат оваа измена која е во корист на општините.

Сакам уште нешто да потенцирам за почитуваниот колега.

Многу пати постави прашања зошто не не беше прифатена ниваната Предлог измена со која предлагаа односнот да биде 50:50 затоа што сега имаме соодносот 20:80 во корист на општините, повеќе отколку вие баравме почитуван колега.

Уште едно би сакала да му вратам на прашањата на почитуваниот колега кој праша кој ќе менаџира со општините? Мислам дека одговорот е јасен, со општините во Република Македонија ќе менаџираат сите оние претставници кои граѓаните на Република Македонија на локалните избори ќе ги изберат на еден демократски начин. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе.

Многу е тешко да ви објаснам почитувана колешке што всушност ние бараме. Ние бараме што е можно повеќе да се надогради овој закон. Затоа во таа функција го повикувавме министерот да излезе на говорницата и да даде свое образложение. Ние бараме поголеми овластувања на општините отколку предложените во законот. Јас се надевам дека имаме време и по амандманската расправа, со оглед на оние предлози што ги даде СДСМ, дека ќе наидеме на уважување од страна на владеачкото мнозинство и во таа функција ако се прифатат нашите амандмани, навистина ќе го подржиме овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 61 пратеници, воздржани 7 пратеници, против 5 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за предлогот гласаа 58 пратеници, воздржани 10 пратеници, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Ќуркчиев, Андреј Петров и Томе Чинговски, поднесоа амандман за менување на член 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Андреј Петров, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Никола Ќуркчиев и Томе Чинговски, поднесоа амандман на член 12 за менување став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Ќуркчиев, Андреј Петров, Томе Чинговски, Цветанка Иванова и Славица Грковска Лошкова, поднесоа амандмани на член 1 за менување на воведната реченица, по кој Владата не се произнела.

Истовремено пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Ќуркчиев, Андреј Петров, Томе Чинговски, Цветанка Иванова и Славица Грковска Лошкова го повлекоа амандманот за менување на член 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Ќуркчиев, Андреј Петров и Томе Чинговски, под архивски број 07-4571/2.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на воведната реченица, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Ќуркчиев, Андреј Петров, Томе Чинговски, Цветанка Иванова и Славица Грковска Лошкова, под архивски број 07-4571/5.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски, повелете.

**Љупчо Димовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Јани Макрадули, господинот Никола Ќуркчиев и господинот Андреј Петров.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Да изразам разочарување што министерот за транспорт и врски не е тука кој единствено има сила да се појавува на телевизија каде во договор со Латас не аргументирано обвинуваат луѓе за наводно законска работа на Министерството и го пратил заменикот овде кој ни крив ни должен треба...

**Трајко Вељаноски:** Колега, легитимно право е кој ќе присуствува на собраниската седница дали министерот или заменикот министер.

**Јани Макрадули:** Се согласувам претседателе, но мое право е да изразам разочарување што министерот не е тука.

**Трајко Вељаноски:** Добро, стално го изразувате тоа разочарување, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, јас се надевам дека кога судските органи ќе проработат во оваа држава и вие ќе изразите радост, а не жалење.

Значи, членот 14 е еден од најкоруптивните членови во сите закони во Република Македонија што постојат, тоа е членот 14, во непосредна спогодба се продава државното градежно земјиште. Затоа бевме сведоци на еден одличен прилог на А1 телевизија каде се вели дека сега граѓаните во Скопје сфатија што се случува на плоштадот, заради апсолутно корумпираниот член 14 кој постои во Законот за градежно земјиште. Затоа Скопје и плоштадот сега личи на руина, затоа човек не може сега да помине на кеј, затоа што некој решил со непосредна спогодба да му даде земјиште каде ќе се гради објект кој по ни едни перфоманси не може да биде таму. Сега човек не може да прошета покрај кејот, сега човек не може да го искористи убавото време и да се напие кафе на кеј, сега човек странец кога ќе дојде не може да прошета да ги види убавините на плоштадот затоа што плоштадот е заграден како да сме во Алкатраз. Сето тоа е направено со членот 14 од Законот за градежно земјиште каде министерот Јанакиески го промовира, ама кога треба да го брани овде во Собранието ги праќа замениците. Затоа имаме отворено право да се посомневаме во тесните врски на министерот со оние што го градат тој објект.

Втората најкорумпирана одредба во членот 14 е ова за која го поднесовме амандманот каде се обидовме минатиот пат да го убедиме парламентарното мнозинство, а бидејќи праксата покажа дека тоа што го велиме тогаш сме во право е тоа дека не може да ја докапитализирате парцелата ако само процент од 50 го направите со 30. Прво, математички е многу тешко, а второ не изведливо во пракса.

На парцела со стопостотна големина имате двајца луѓе што имаат 30% од парцелата. Следното во средина 40% е на државата. Кој е тој што ќе определи на кого ќе му ја доврши парцелата, која е таа постапка што вели дека ова е начинот на кој некој човек да стигне до преостанатите 70%. За жал, процесот на денационализација има доделено земјиште кое припаѓа на повеќе фамилии. Едниот има 30%, другиот има 30%, ама парцелата до 100% се заокружува со државно градежно земјиште. Кој е тој механизам ние да контролираме на кого со непосредна спогодба министерот ќе го даде земјиштето на оној првиот со 30%, или на вториот со 30%. Кој е начинот на договарање што министерот ќе го направи со заинтересираните страни кои сакаат да го дозавршат, да го заокружат или дооформат парцела. Затоа, бидејќи е ова апсолутно нелогично, ние бараме да се врати старото решение каде што, доколку некој има 50% плус 1 од земјиштето, а другиот дел е државно градежно земјиште да го почне процесот или да учествува во продажба на државно градежно земјиште за да ја дооформи парцелата. Сега нема таква одредба, му се дава шанса на министерот со непосредна спогодба, бидејќи тоа го пишува во законот, да го дава земјиштето на луѓе на кои сака.

Заради тоа денеска центарот на Скопје изгледа како Алкатраз, Владата се оглушува на одлуките на Државната комисија за спречување на корупција која побара да се водоизмени Деталниот урбанистички план, се оглушува на експертската јавност на тоа како се толкува Законот за градежно земјиште и што се се прави и затоа во Уставниот суд се расправа за уставната основа на кој начин е сменет Деталниот урбанистички план во центарот на градот.

Практично со ваквото решение каде доволно е да имате 30% од некоја парцела и плус да имате можност на министерот со непосредна спогодба да му даде градежно земјиште на кој што сака, по која цена сака и колку сака се легализира корупцијата во една исклучителна област, која што, ние можеме и 100% да им дадеме на општините, но кога менаџирањето го прави некој друг тогаш општините немаат никаква врска освен што под диктат, како во Центар да ги гласаат деталните урбанистички планови кои што се оспорени од експертската јавност, тоа е повлечено и на Уставниот суд и кое што е реална закана да го претвори Плоштадот во овој момент во Алкатрас, а потоа да го претвори во едно апсолунто неурбано градење кое што ќе го руши ликот на Плоштадот, со што ќе се сложат сите пратеници, сме прошетале многу гости кои Што изразиле задовослтво од Плоштадот во Скопје.

Затоа нелогичноста само со 30% да ви дозволи да ја довршите парцелата, да ја дооформите парцелата во праксата отвора многу проблеми. Двајца браќа, кои што и не мора да се во идеални односи поседуваат 30% како дел од некоја парцела која што е вратена со процесот на денационализација, или блиски роднини, братучеди, сестри, не е битно.

И останува 40% државно градежно земјиште, кој е механизмот на контрола на доделување и како ќе го спречиме министерот да го даде на едниот,а не на другито роднина кој ги има 30%. Кој е тој начин, освен што го читаме во Законот член 14 дека тоа може да го направи со непсоредна спогодба. Значи, имаме двајца братучеди, едниот навива за Вардар, другиот за Работнички и сега бидјеки Владата го финансира Работнички општината ќе му ја даде на едниот што навива за Работнички, а другиот нема никаков механизам да стигне или да учествува во дооформувањето на парцелата.

Затоа мислам дека амандманот во име на пратеничката група на СДСМ, поднесен од неколку пратеници треба да се врати едно решение што има логика и да се врати едно решени што ќе ги намали шансите, или ќе ги ограничи шансите за погоелма продажба, или

поголем број на доделување на непосредни спогодби од страна на министерот на државното градежно земјиште. Затоа се додека не се смени членот 14 во генерална смисла преку елиминирање на непосредната спогодба и дооформувањето на парцелите наместо со 30 да има некој што има повеќе од 50% не ќе можеме да зборуваме ни за правилна распределба по општините, бидјеки менаџирањето ќе биде сосема на друга страна и интересот ќе биде на друга страна. Затоа прекуноќ објектите од 25 метри стануваат 27 метри, затоа преку ноќ се доделуваат маркици за места за кои никој и не сонувал дека ќе бидат и затоа Плоштадот на градо Скопје личи како на Алкатранс и руина во овој момент за градот.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Би го запрашал господинот Макрадули зошто во периодот кога Владата на СДСМ ја даде парцелата на Плоштадот по багателна цена и која што предизвика голем скандал во јавноста не зборуваше вака принципиелно, не настапи вака со аргументи, иако токму овој скандал предизвика оставка на премиерот на тогашната Влада, господинот Хари Костов.

Значи, јас лично очекував во тоа време дека принципиелноста ќе биде прикажана, без разлика на тоа кој е на власт, но господинот Макрадули едно зборуваше тогаш, друго зборува сега, човек просто се прашува кога може да верува на кажаното.

Инаку по однос на амандманот уште во петтиот состав на македонското Собрание ова решение беше дебатирано и Собранието заклучи дека многу поедноставно и многу подобро е за бизнисот и за функционирањето на државата во однос на дооформувањето на парцелите, во интерес на поедноставуањето на процедурата е да се донесе вакво решение , а не да се заглави во безконечни парници кои што на крајот на краиштата понекогаш не завршуваат со години, што исто така е многу голема штета за луѓето кои што се инволвирани во ова.

Значи, сегашната измена на Законот се однесува во еден сосема друг дел, во однсо на процентот кој што ќе го добиваат општините и сметам дека без разлика на тоа што процедурално СДСМ има право да поднесе ваков амандман, како што има поднесено, сметам дека и покрај тоа знаат и самите дека ова е многу подобро решение во однсо на функционалноста и мислам дека едноставо го злоупотребуваат Собранието.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ако сакаме да бидеме коректни ќе кажеме точно дека тогашниот премиер Костов, кој што не беше јавен обвинител, туку беше премиер и заради внатре партиската дебата во СДСМ сегашниот ваш коалиционен партнер, ДУИ, тогашниот министер за транспорт и врски поднесе остафка.

Ние во СДСМ тогаш таа броба ја добивме. За закон што го имаше донесено ВМРО-ДПМНЕ 2001 година, по која што се оцени и законски се продаде политичката жртва беше по расправата во органите на СДСМ тој што во непосредна спогодба тоа го направил. Тој сега е ваш коалиционен партнер.

Постапката е поведена, проверете прашајте кај вашиот министер кој што упорно притиска по судиите во Македонија до каде е постапката и со вашиот коалиционен партнер веднаш решете го тоа. Ама, по колку пари сте добиле од тој што гради , тоа ќе размислите пред да прашате.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе,

Колега Макрадули многу добронамерно би сакал да прашам или да побарам од вас едно дообјаснување. Барате во предложениот амандман целосно бришење на членот 14, меѓутоа овде има неколку алинеи во кои што се наведени случаите кога Валдата може да го оттуѓи земјиштето со директна спогодба. Меѓу другите се спомнати и верските заедници, кои што за сопствените потреби можат да добијат согласно деталниот урбанистички план земјиште за изградба на верски ибјект. Диполматско-конзулраните претставништва до колку се предвидени во деталниот план можат да добијат во непосредна спогодба.

Со вашиот предлог амандман дали значи дека верските заедници ќе учествуваат на тенддр, дали значи дека амбасадите и дипломатско конзуларните претставништва ќе дадат на тендер и тука ќе се наддаваат дали побогатата или посиромашната држава ќе добие свое дипломатско конзуларно претставништво.

Мислам дека треба да водиме сметка, она што го истакнавме и на ресорното тело на работната Комисија дека целосно бришење на членот 14 е апсурдно. Можеби бришење на некои алинеи, за кои што сметате дека се спорни, меѓутоа да лишите дипломатско конзуларно претставништво, или верските заедници да добијат со непсоредна спогодба мислам дека не е ничија корист.

Сакам да ви реплицирам и во делот на вашиот серијал околу лошиот министер. Навистина ми е симпатично, меѓутоа јас малу би го проширил. Лошиот министер и лошиот пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, јас доаѓам од Велес па нека ми биде дозволено да го злоупотребам името на општината Велес. Лошиот министер и лошиот пратеник се договараат како да земат земјиште во директна спогодба. За да го остварат тоа треба деталниот план да го предвидува тоа односно да има парцела која што ќе биде предвидена од страна на градоначалникот и Советот на општина Велес.

Лошиот министер и лошиот пратеник не можат ништо да направат до колку добриот градоначалник на Велес не направи таква урбанизација која што ќе биде предуслов за едно вакво коруптивно однесување, како што вие кажувате

Така да Советот и добриот градоначалник ќе ги поразат лошиот министер и лошиот пратеник и се ќе се заврши во најдобар ред.

Мислам дека ова е една компелтна недоверба кон единиците на локалната самоуправа, кон проецесот на децентрализација. Од една страна велите дека треба да се урбанизира по теркот на единицата на локална самоуправа, а од друга страна тврдите дека тоа ќе биде основ за коруптивно однесување. Ако е така тогаш да им го одземеме парвото на урбанизација на општинтие, тогаш лошиот министер нека урбанизира и нека дава во спогодба во четири очи.

Мислам дека ќе се согласиме дека ова не е во интерес на единиците на локална самоуправа и она што вие го сметате и со полно право треба да инсистирате е таранспарентноста при евентуалното отуѓување во четири очи. Сето друго е законски предвидено и мислам дека не треба да имаме сомнеж. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Господине Петров, ајде да го оставиме во членот 14 само верските објекти и дипломатско конзуларните претставништва.

Ние кога видовме во ребалансот на Буџетот се што мислите да правите со конзуларните претставништва, не успеавте да нарпавите па ги поништивте.

Второ, ајде да го прифатиме и вашиот втор предлог, да го оцениме менаџирањето на градоначалниците на општините. Ние тоа го бараме.

Јас да ве потсетам, тој амандман што го читате е повлечен. Дискутираме за друг амандман, но бидјеки споменавте некои работи да ви кажам.

Како се прави со деталeн урбанистички план, па Здравев прашајте го. Наместо на шупа, каде што нема улица, тој, тој, си гласа да се направи стокатница која што ќе ја продава после. Како не може тоа да се направи, може. Прашајте каде имате градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ и некој како Здравев веднаш тоа го прави. И тоа државната Комсиија за спречување го кажа, доби жолт картон Здравев за тоа, а вашите два предлози веднаш да ги гласаме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Зоран Петрески, повелете.

**Зорн Петрески:** Почитуван господине Макрадули, јас ќе ви реплицирам и вам и на некои ваши колеги кои што вешто се обидуваат да ги извртат фактите, всушност вие и сте мајстори за тоа и се обидувате цел ден овде зборувајки за законот да тврдите дека Плоштадот е во една ваква сотојба, Алкатрас, не можеме да пиеме кафе на Кеј и т.н. и т.н., но господине Макрадули вие добро знаете дека таа парцела ја продаде вашата Валада. Ова што сега го гледаме на Плоштадот, со тој заграден простор и се она што се случува на Плоштадот и граѓаните не можат да пијат кафе на Кејот затоа што вие го продадовте тој плац. И не само што го продадовте, го продадовте за багателна цена. што и да зборувате, што и да кажувате се ви е попусто. Џабе е некои си квази експерти од типот на Грчев, кој што всушност е Гуру на урбаната мафија во Република Македонија и ваш, го пуштате по телевизиите да зборува во каква катастрофална состојба е центарот, а тој ја предизвика таа состојба. Вие продавате плацови за џабе и од Плоштадот станува вакво ругло како во што станува како резултат на таа продажба. Ве молам немојте да манипулрате понатаму со јавноста. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господианот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Господине Петрески вие прикривате криминал. Ако знаете дека го има и е незаконски направено и не поднесувате кривична пријава значи вие сте соучесници со него и вие го прикривате односно таму се финансирате.

Ќе ви кажам вторито дел од каде се финансирате.

Зошто објектот што е продаден на незаконски начин, ВМРО-ДПМНЕ не го гони. Го подигнавте одеднаш од 22 на 29 метри, 7 метри на таа површина знаете ли колку пари се во Центарот на градот, 4 милиони и 923 иљади евра.

Затоа вие сте соучесници во овој процес. Во Владата на СДСМ тој минитер падна доби политчка казна, сега како ваш коалиционен партнер ако има нешто незаконско очекувам да поднесете кривична пријава. Благодарам,

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Завршивме со репликите и контрарепликите и тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работ аво 15,00 часот.

(Седницата прекина во 13,55 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,06 часот

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателке,

Почитуван заменик министер, ќе беше многу згодно доколку наведевте само еден аргумент зошто овој амандман не го прифаќате, добро, не беше ни изненадување за сите нас овде присутни во салата иако не има можеби десетина. Меѓутоа, едно е повеќе од сигурно. Имено,

донесен е закон кој не е добар, лош закон и кој потполно би рекол лош закон не решава ниту еден проблем поврзан со градежното земјиште. Овој закон единствено овозможува дискреционо право на Владата во четири очи да продава македонска земја и за ништо друго. Од тие причини го поднесовме амандманот на член 14 во став 2 каде се уредуваат законските рамки за арбитрирање, дискреција и, сакале да признаеме или не, меѓутоа навистина претставува еден сериозен основ за корупција. Зошто? Од едноставна причина што сосема произволно може да се врши отуѓување, како што веќе реков, на македонската земја без никаква јавна процедура, во четири очи.

На кого му смета процедурата да биде јавна, кој тоа сака да го растури јавниот интерес или кој е тој што може да го брани тоа нешто?

Почитуван заменик министер, никаде во светот не постои, апсолутно никаде, можност некој да поседува 30% од градежната парцела, а државата во четири очи да може да му даде 70% за да си ја тој дооформи таа градежна парцела. Мислам дека, или сакаме да ја разбереме суштината на овој закон и ќе се разбереме, или не. Дајте ни еден аргумент зошто цените дека оваа одредба во законот е добра. Значи главниот проблем, почитувани колеги пратеници, е законските рамки за арбитрирање односно дискреција и ништо друго. Значи во законот постои член кој сакаме да го корегираме, кој овозможува произволно отуѓување на македонска земја без никаква јавна законска процедура. Никаде во светот не постои, како што веќе реков, можност некој да поседува 30% од парцелата, а државата да може во четири очи да му ја дооформи со плус 70%. Ве молам, кажете еден пример во светот, една држава каде тоа го имаме, или можно е некој да донесе законски акт за такво нешто, од една страна. Од друга страна, почитуваните колеги пратеници кои можеби недоволно го проучија законот, сакам да ги потсетам дека тоа што го зборувам во овој момент важи за сите граѓани и организации во Република Македонија, се разбира и заедниц. Затоа апсолутно не се согласувам со оние колеги кои велат дека за потребите на верските заедници, за изградба на верски објекти предвидени со урбанистичкиот план, може пак во четири очи да се доделува македонска земја. Ве молам, ако тоа го правиме за нашите цркви, колегите ќе побараат тоа да се прави за џамиите, некој друг ќе побара за нешто друго. Дајте да ставиме ред во овој неред или во овој хаос од законот и да признаеме дека законот не може да го поправиме со 2-3, 4 или 30 амандмани. Затоа гласав против. Законот е сериозно дефектен. Ве молам, или сакаме да се разбереме, или не, или сакаме да покажеме дека оваа анализа без покритие, донесена само заради нечии интерес со сериозни коруптивни елементи, ќе ја прифатиме или ќе ја одбиеме. Јас предлагам да ја одбиеме. Дајте да го поправиме законот, дајте да видиме што е тоа што нечини, што е тоа што не се сака да се поправи во овој закон. Од тие причини ценам, почитуван заменик министер, дека овој амандман треба да биде прифатен, треба да и дадеме шанса на јавната расправа, на јавноста во Република Македонија, граѓаните да можат во законска процедура да бидат исклучени од закани, уцени, притисоци итн. Од тие причини ценам, почитувани колеги, ако воопшто сакаме да донесеме корекции на постојниот закон, не треба да размислуваме дали овој амандман треба да биде прифатен. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателке.

Да нема забуни, ние како Собрание и во овој состав, меѓутоа и во претходниот состав доста често дискутираме за целата проблематика поврзана со градежното земјиште, со градбата, со надлежностите на локалната самоуправа, со надлежностите на Министерството итн. Значи за да нема забуна, единствени исклучоци во законот се предвидени оние што и претходно колегата Петров ги спомна во делот на верски објекти, дипломатски претставништва итн. Тука апсолутно ние стоиме на ставот дека во овој случај мора да има таков пристап поради тоа што нелогично за нас е да гледаме, ако на одредена парцела во одреден град е предвидено изградба на православен храм, во тој случај според она што вие го велите ќе треба да има лицитација за таа парцела, а на лицитацијата, за жал, може да се јават и некои дополнителни проблеми кои МПЦ ги има во периодот. Истото важи за сите регистрирани верски заедници, тука нема разлика, онаа дилема што сакавте да ја наметнете.

Би сакал да потенцирам една работа која е многу значајна. Прво суштината да ја измените на законот, е сконцентрирана, а овие другите прашања се веќе апсолвирани и при претходните разгледувања на законските измени по однос на истиот закон. Значи е сконцентрирана можноста единиците на локалната самоуправа при продажба на градежно земјиште да добиваат 80% од средствата што државата ќе ги добие на лицитација. Тоа е потег што апсолутно треба да биде поздравен.

Јас се сеќавам, при првиот наврат пред 6 месеци, а можеби и повеќе, Владата излезе со предлог 40%. Вие како опозициона група излеговте со предлог 50 или 60%, ако не се лажам, но не е суштината во тоа. Еве сега Владата оди чекор напред и вели 80% од средствата кои ќе се приберат, што значи дополнително финансиско зајакнување на општините, меѓутоа и значи иницијација и стимул во единиците на локалната самоуправа да го зголемат обемот на урбанизација на својот простор. Значи веќе имаат мотивација да работат многу повеќе на урбанизација на просторот, носење на ДУП-ови итн. Ако добро се сеќавате некаде на почетокот на годината Владата на Република Македонија

одвои директни средства наменети исклучиво за изработка на урбанистички планови во Република Македонија поради тоа што состојбата со урбанизацијата не е далеку од задоволителна. Затоа јас би замолил, кога дискутираме на оваа тема, да имаме еден пристап кој ќе значи поддршка на единиците на локална самоуправа, а не да ги перцепираме тие состојби од аспект дали градоначалник на една општина е од оваа или од друга партија итн. Јас сум сигурен дека и вие и ние имаме намера да дадеме што е можно поголема поддршка на единиците на локална самоуправа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван колега јас вас ве разбирам дека можеби не го познавате законот и треба да се јавите да дискутирате по него.

Дајте ми еден аргумент за сето ова што го зборувавте и јас јавно ќе излезам на говорница и ќе гласам. Не постои, вие не зборувавте за законот, зборувавте за нешто што е апсурдно.

Ве молам, ако најдете, дури и од вашата политичка партија, еден градежен инженер, архитект, кој ќе стои зад овој закон, јас ќе гласам за истиот. Не постои заради тоа што лесно е да дискутираме. Мора пратениците да направат разлика што е тоа градежно земјиште. Градежното земјиште не е сопственост туку статус. Во Република Македонија општините единствено немаат право да купуваат градежно земјиште, а вие за нив зборувате за 80%. Дајте им го тоа право. И што се случи, за три месеци однос 60:40, да направите 20:80. Апсолутно ништо.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавена госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам потпретседателке.

Кратко би сакала да реплицирам. Имено она што колегите пратеници со амандманот предвидуваат е во член 14 став 2 алинеја 4, да се замени соодносот со 50%.

Почитуван колега, во ставот 4 се кажува јасно и недвосмислено за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистичкиот план. И понатаму кажува, вели - доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела и ако во планот за таа градежна парцела не е придведено изградба на објект од јавен интерес.

Ценам дека, вака како што стои во сега предложениот став од овој член е во насока за непречено одвивање и спроведување на урбанистичките планови со 30% сопственост од парцелата да се има можност да се врши дооформување на градежната парцела. Тоа на некој начин ја олеснува работата во самото функционирање, во самото спроведување на урбанистичките планови и во реализација на тие урбанистички планови. Од тие причини ценам дека нема потреба да биде корегирано со она како што вие го предвидувате во вашиот амандман. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитувана колешке, јас побарав еден аргумент зошто, каде, во која земја во светот постои некој да поседува 30% од земјиште од една градежна парцела и да побара во четири очи државата да му даде 70%. Сте слушнале ли некаде дека постои таква работа?

Не случајно еве денес сите медиуми веќе информираат дека УСАИД организира трибина токму на тема локалната самоуправа, градежништвото и урбанизмот со најголема корупција. Зошто да не го прифатиме овој амандман кој овозможува да не се случува такво нешто. На кого му смета јавноста. На кого му смета транспарентноста во работењето.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Андреј Петров.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Во однос на овој амандман сакам уште еднаш да ја изразам нашата позиција, како пратеничка група и да образложам, како дел од пратениците кои го предлагаат овој амандман, зошто сметаме дека тоа треба да се направи. Значи образложението кое е дадено дека со намалувањето на процентот на сопственост на парцелата и со овозможувањето на тие лица да ја докомплетираат на таков начин парцелата, ќе се олесни урбанизацијата. Значи овозможува една многу флексибилна рамка во која се отвораат можности преку малверзации со ДУП-вите подоцна да се прават асиметрични решенија кои ќе бидат во делот на оние луѓе кои имаат 30% од парцелата да им се овозможи да ја докомплетираат со уште 70% од државното земјиште, што ние сметаме дека е погрешно.

Точно е дека на тој начин урбанизацијата се олеснува, меѓутоа на нас не ни треба урбанизација по секоја цена, не ни треба само за поседнување на просторот без притоа да се води сметка каков е квалитетот на живеењето, каков е квалитетот на тие објекти што се градат таму. Затоа логично е 50% од сопственоста да биде еден гарант дека некој кој ќе го прави дооформувањето со државното земјиште, притоа ќе води сметка и за условите на живеење и дека на тој начин нема да се овозможува на советите на општините, преку изигрување на прописите, преку ловење на пропустите кои постојат во законските решенија, да се овозможуваат вакви работи.

Она што треба да се направи е да се врати старото решение. Мислам дека тоа е поиздржано и мислам дека на тој начин ќе може на некој начин да се заштити државната сопственост. Никој не е против можноста на луѓето да ја дооформат парцелата, бидејќи ние мораме да

влечеме инвестиции, мора да се гради во земјата, меѓутоа дооформувањето на парцелата со сопственост на помалку од 1/3 од парцелата е нешто што отвора голема можност за манипулации и тоа е она што ние како СДСМ сметаме дека не е исправно. Тоа е поврзано со овој амандман директно. Значи никој не е против да се дава земјиште на верските заедници, меѓутоа тие одредби со кои се овозможува тоа да се прави на начин на кој граѓаните се тргнати на страна од тој процес е нешто што предизвикува сомневање секогаш, без разлика за кого се работи. Некогаш се вели дека и патот до пеколот е поплочен со најдобри намери така што оваа можност ќе отвори простор за некои манипулации кои во иднина ќе бидат само штетни по квалитетот на живеење во нашите градови.

Во делот кој се истакна дека треба да се направи тоа поради тоа што на тој начин ќе се овозможи урбанизацијата да се зголеми поради тоа што е низок степенот на урбанизација или Владата финансира одредени урбанистички планови.

Она што треба да се направи е да се работи на развивање на гео информатичкиот систем во општините. Со развиен гео информатички систем, со прецизна евиденција на просторот ќе може многу полесно да се прават законски дооформувања на парцелите ама за тоа да се направи потребно е да прагот, процентот на сопственост биде на еден минимум под кој не може да се оди, а тој минимум според наше согледување не може да биде 30%. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господин Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателке.

Јас би сакал да потенцирам два моменти после дискусијата на господинот Андреј Петров, а во интерес и на јавноста, меѓутоа и на плодотворноста на дебатата која што ја имаме тука.

По однос на ставот за евентуална можност верските заедници во Република Македонија да го имаат овој повластен пристап при добивање на локации, нашата пратеничка група останува со тој став од аспект на зачувување на монолитноста и на одбегнување на ризиците кои што би се појавиле во одредени постапки.Секако кои парцели ќе бидат тоа, каде ќе бидат лоцирани ќе одлучат советите на општините по предлог на градоначалник итн. Значи не постои можност ниту Владата самоиницијативно, ниту не знам кој друг орган да излезе надвор од постапката предвидена со законот при донесување на урбанистички планови. Затоа јас сум сигурен дека советите ќе го имаат доволниот капацитет, ниту да го прават тоа премалку, ниту да го прават тоа премногу. Меѓутоа да го прават доволно за да можат на крајот на краиштата граѓаните да ги остваруваат и своите верски потреби. За жал ние имаме општини во Скопје кои што бројат по 60-70 илјади жители во кои што сеуште нема православни храмови која што е затекната состојба од претходниот систем и апсолутно не смееме да дозволиме да остане на тоа ниво.

По однос на вториот дел од дискусијата, да истакнам дека повторно од интерес на јавноста реформите кои се преземаат во работењето на Катастарот во Македонија се многу значајни и треба да добијат поддршка од страна на сите субјекти, поради тоа што посебно на територија на град Скопје, капацитетот на катастарот е драстично зголемен во овие две до три години, односно покриеноста на прецизни податоци во Скопје е на многу високо ниво, а во Република Македонија драстично се подобрува. Впрочем и во извештајот на Европската унија и во минатата година и во оваа година работата на катастарот е пофалена како исклучително позитивна и е работа која што треба да биде поддржана и во наредниот период. Јас сепак сум задоволен и среќен од вакви дискусии поради тоа што можеме на крајот на краиштата да ги соочиме релевантните аргументи, меѓутоа и да извлечеме подобри решенија во одреден случај. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Ги повикувам пртениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, за амандманот гласаа 12, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за менување на воведната реченица, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Ќуркчиев, Андреј Петров, Томе Чинговски, Цветанка Иванова и Славица Грковска Лошкова, под архивски број 07-4571/5.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на воведната реченница, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Ќуркчиев, Андреј Петров, Томе Чинговски, Цветанка Иванова и Славица Грковска Лошкова, под архивски број 07-4571/6.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер, повелете.

**Љупчо Димовски:** Амандманот не се прифаќа.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор по амандманот се пријавија пратениците господин Петров Андреј, господин Николов Марјанчо, госпоѓа Иванова Цветанка и господин Ќуркчиев Никола.

Има збор гоподин Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Сакам да информирам што е целта на нас како предлагачи со овој амандман, се во интерес на граѓаните на Република Македонија како да ги подобриме условите под кои ќе се вршат трансакции со градежното земјиште.

Она што е по наше мислење битно е да не се остави можност воопшто градежното земјиште да се продава со директна спогодба и самиот факт што и по второто јавно наддавање не се јавиле заинтересирани лица, не значи дека во третото јавно наддавање треба да се овозможи на некој со директна спогодба земјиштето да се продаде. Се случува, веројатно, постојат во пракса повеќе примени каде што на две јавни надавања не се јавува заинтесирано лице, меѓутоа сите ние тука треба да отвориме дебата дали по секоја цена треба да се продаде земјиштето. Можеби, ако на две јавни наддавање не се јавиле доволен број на заинтересирани. Таквото земјиште не треба да се продаде. Можеби треб да остане сопственост на Република Македонија. Затоа, отворањето на можноста по второ јавно надавање кое е неуспешно се оди на директна непосредна спогодба, без можностите за компетиција, за натпревар помеѓу заинтересираните страни, мислам дека е погрешно. Затоа, ние како предлагачи бараме бришење на алинеја 1 од ставот 2, со која се отвора можност кога на второто јавно надавање не се јавиле заинтересирани лица, со непосредна спогодба градежното земјиште сопственост на Република Македонија се отуѓи. Мислиме дека ова е можност за манипулација и на ваков начин оние лица кои можат да ги следат јавните надавања ако видат дека нема доволен интерес или дека сумата која која почетна за лицитацијата не им одговара, може да чекаат едноставно од трета во услови кога двете јавни надавања се неуспешни, во директни спогодби ќе се склучат договори и ќе си го купат земјиштето сопственост на Република Македонија. Акосите се залагаме, а јас сум убеден дека се залагаме за можностите на натпревар, можностите на конкурентност и на спречување на коруптивни однесувања, ова е нешто што како императив би требало да се избрише од законот, затоа што не гледам дека со тоа некој посебн квалитет се предизвикува. Дури ако е некое земјиште два пати останато непродадено, треба да се причека одредена време, можеби после извесно време интересот ќе порасне со можност на повторна лицитација ќе се јават заинтересираните страни и ќе дојде до поквалитетна урбанизација на просторот. Затоа, ние апелираме до колегите да го поддржат овој наш амандман, бидејќи мислиме дека е во интерес на граѓаните на Република Македонија. Благодаам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам потпретседателке.

Колега, колку што успеав да слушнам од вашето излагање, вие предлагате во случај кога и после второто јавно надавање се пристапува како што сега стои во Законот со непосредна спогодба, да не стои и дас се дасде можност и за трето јавно надавање. А, јас би ве прашала а што ако и на третото јавно надавање никој не се јави. Понатаму, таксативно е наброено во кои случаи, ако во конкретниот случај се работи да речеме за изградба на верски објети, за конзуларно претставништво итн., а не се јават и во третиот случај на јавното наддавање, што понатаму. Од тие причини овој став во овој член од Законот е формулиран така како што е, што значи да се пристапи кон непосредна спогодба за да се реализира она што е идејата на конкретното градежно земјиште. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Сакам само да се дообјаснам. Никој не кажа тука дека е против трето јавно надавање. Напротив, нека има и 3 и 4 јавно надавање, ние сме против тоа кога на второто јавно надавање не се јавиле доволно заинтересирани лица, директно се продава градежното земјиште со непосртедна спогодба. Колешката толкува дека таксативно се наведени условите под кои тоа се врши. Точно, таксативно е наведено дека ако во случај на две јавни надавања неуспешни, третиот обид може да биде со директна спогодба. Тоа не значи дека сите оние ќе подпаднат самно оние случаи кои се наведени одоздола под оваа прва алинеја.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Почитувани колеги пратеници, кои што се присутни во салата, почитуван заменик министер, претставници од Министерството.

Точката на дневен ред е околу градежното земјиште самата по себе е многу значајна и важна и од аспект на тоа што претходното искуство по однос на стопанисувањето со градежното земјиште во Република Македонија е многу негативна. Најголем дел од злоупотребите по однос на работењето со градежното земјиште или со имотот на државата се правеле кога имало некоја продажба на градежно земјиште, посебно она што било атрактивно и тогаш обично се случувале одредени неправилности кои предизвикувале остри реакции во јавноста.

Владеачкото мнозинство се реши да го измени законот за градежно земјиште во пресрет на локалните избори, сакајќи на општините да им овозможи повеќе средства за нивно стопанисување во нивниот буџет. Јас мислам дека се решија за ова откога го скроија Буџетот за наредна година кој е најголем во историјата на Република Македонија, 2 милијарди и 700

милиони евра и сега кога видоа дека нема потреба повеќе од овие приходи од градежното земјиште да бидат толку значајни во Буџетот се решнија дел од парите да дадат на општините.

Затоа, тгреба многу внимателно да дебатираме околу ова прашање. Дури и намерата на Владата да им предаде на општините дел од средст вата што ќе ги оствари со продажба на земјиште, сепак главните ингеренции во однос на градежното земјиште остануваат кај државата. Значи, само државата има право да го продава градежното земјиште кое во најголем дел е во државна сопственост. Тука треба да бидеме многу внимателни и да не дозволиме било каква можност за злоупотреба. Ако во Законот е дадена можност тоа да оди преку јавен повик. Знаеме како оди праксата. Објавувате јавен повик, првиот пат ако не се јави никој, вториот пат ја спуштате цената дали за 20%, дали за 30%. После второто објавување на јавниот повик, повторно ако не се јави никој се спушта цената на земјиштето за дополнителни проценти. Веќе доаѓате во ситуација кога можеби цената е пуштена и за повеќе од 50%. И се дава можност некој да го продаде со непосредна спогодба, а зборуваме за градежно земјиште, што е ограничен ресурс. Немаме ние секоја година нов извор на градежно земјиште, па сега така да го распродаваме, при тоа да оставаме можност во законот тоа да се реализира и со непосредни спогодби. Ако не се јави никој ни на второто надавање, ни на третиот, тоа знажи дека земјиштето не треба да се продава. Нека размисли државата или општините како да го направат атрактивно, да земат повеќе пари и тие пари општините да ги употребат за уредување на општината. Дали ќе градат улица, дали тротоари, дали училишта, дали градинки, тоа е смислата на управување со градежното земјиште. Не е смисата да го земе некој, да го продаде што поевтино и потоа парите да ги потроши во неговиот мандат. Тоа е долгорочна стратегија што треба да се размислува со градежното земјиште. Затоа, не е прифатливо да постои можност градежното земјиште да се продава со непосредни спогодби. Навистина, искуството не учи до сега дека тоа во пракса се злоупотребувало. А, идејата да се добијат повеќе пари, бидејќи кажав не е ресурс кој што не е неограничен. Земјиште е толку и готово. Затоа, треба да се стопанисува квалитетно со него, да се прават урбанистички планови со соддржини кои што ќе го направат атрактивно тоа земјиште за да привлече луѓе кои што сакаат да го купат и тогаш верувајте, колешке, не мора тендер, може и во првиот ќе има надавање и во почетната цена како да се продаде. Вие ако продавате некое земјиште кое што не е атрактивно само за да го дадете третиот пат со непосредна спогодба со спуштање на цените без да знае никој, тоа е више злоупотреба. Затоа, мислам дека овој амандман е многу издржан и многу суштински. Можеби ќе отежне во делот на процедурата додека се стигне до продажбата на градежното земјиште, но долгорочните ефекти се во корист и на државата и на општините, меѓутоа и на граѓаните, затоа што парите од градежното земјиште општините на крајот ги употребуваат за унапредување на животот во својата општина.

Затоа, колеги, вреди да се ра змисли да го прифатите амандманот. Не е Република Македонија дојдена до таму по секоја цена да мора да го продава градежното земјиште. Во услови кога таму нема потреба во моментот да се продава. Вреди уште еднаш да се размисли да го поддржите амандманот се со цел да воспоставиме сигурни правила во стопанисувањето со градежното земјиште каде што ќе ги елиминираме сите можности за злоупотреби. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке,

Прво, сакам за јавноста да кажам дека основниот закон, Законот за градежно земјиште е донесен во јули 2008 година, тогаш кога Парламентарната опозиција беше надвор од ова Собрание. Мислам дека не заслужуваше овој важен и многу битен закон за цела Македонија, особено за единиците на локална самоуправа да се донесува во ваква процедура и многу е битно да се каже тоа дека или барем јас така мислам една од основните причини заради кои што овој закон се најде тогаш во процедура во Собранието кога парламентарното малцинство или опозицијата беше надвор е точно спротивставените концепти кои што ги имавме како СДС со парламентарното мнозинство околу оваа материја. Свесни парламентарното мнозинство, за ставот на СДС по ова прашање, имајќи предвид пак иницијативите кои во 2006 година како опозиција наваму ги преземаме во оваа сфера, секако парламентарното мнозинство побрза во оние фамозни 100 и колку се таму закони, дас го стави и овој многу важен закон и да го донесе без опозиција, со една единствена цел за да не им се помати она што навистина сакале да го постигнат со овој закон.

Сега, нејасно е зошто за неполни 3 месеци се јавила потреба од измени на овој закон и тука се упатуваат неколку пораки пред домашната и меѓународната јавност.

Прво, дека навистина не знаеме што сакаме да постигнеме со донесувањето на одредени решенија по еден закон ако ги менуваме зза 3-4 месеци, затоа што ова не е некое техничко усогласување на законот или на некоја норма, туку суштинска работа, концептуална работа.

Втората работа е дека ние во Република Македонија без разлика колку и не опоменуваат од страна или оние кои што се должни или надлежни да не посматраат, да не опсервираат во нашето движење, даваме порака дека навистина законите ги донесуваме по порачка или од моментална потреба.

Сега, јас сакам да кажам каков беше концептот на СДСМ околу Законот за градежно земјиште. Точно е дека ние околу потребата од донесување на законот гласавме воздржано, затоа што дури мислам дека требаше да гласаме против, но бидејќи се работи за поднесени амандмани кои што очекуквавме дека ќе бидат прифатени, секако оставивме мала врата, меѓутоа очигледно е дека парламентарното мнозинство повторно не сака да слуша што опозицијата мисли. Ние и понатаму остануваме на ставот дека не се согласуваме целосно со концептот на законот за градежно земјиште, затоа што ако заменикот министер на Комисија кажа дека овој закон се донесува заради поголема самостојност на единиците на локална самоуправа, точно поголемата самостојност ќе ја овозможеше концептот што го има СДСМ, а тоа е со градежното земјиште да располага единицата на локална самоуправа, што не е случај во овој концепт.

Сега, што сакаме понатаму, барем ако може нешто да подобрите. Вие знаете или оние кои што во 2006 година па наваму се во овие парламентарни клупи знаат дека СДСМ на неколку наврати поднесуваше амандмани во оваа смисла.

Па наваму се во овие парламентарни клупи. Знаат дека СДСМ на неколу наврати поднесуваше амандмани во оваа смисла. Значи да се зголеми процентот од отуѓување или од давање под закуп на градежното земјиште, а кое што ќе оди во касите на единицата за локална самоуправа, но тоа не се случи. Сега со овој амандман кој што конкретно е тема на оваа расправа ние предлагаме од членот 14 каде што во основниот закон се регулира начинот на оттуѓување и давање на долготраен закуп на градежното земјиште, ние бараме во ставот 2 алинеја 1 да се брише. Што се уредува со оваа алинеја? Со оваа алинеја ние предлагаме, бришејќи ја оваа алинеја, предлагаме да нема веќе во Република Македонија продажба или отуѓување на градежно земјиште во четири очи. Значи, постоечкото решение кога и на второто јавно наддавање не се јавиле заинтересирани лица да може државата или органот кој ќе врши оттуѓување, а секако тоа е Министерството за транспорт и врски во име на Република Македонија, во име на Влада, да може во 4 очи да го продаде градежното земјиште.

Мислам дека земјиштето воопшто, а особено градежното земјиште е ресурс кој што ниту се зголемува ниту се намалува. Тоа е територијата на Република Македонија. Мислам дека граежното земјиште секако се утврдува со урбанистичките планови.

Јас мислам дека во одредени периоди од развојот на државата, може одредено градежно земјиште кое што е опфатено со урбанистичКите планови да не е многу атрактивно и заради тоа да нема моментални луѓе или субјекти кои што би биле заинтересирани. Но секако, имајќи предвид дека Владата е таа или Министерството за транспорт и врски е тоа кое што ја форсира динамиката на урбанистичкото планирање во државата, може да се случи одредени предзнаења да речеме за идни градби да има Министерството и секако во вакви ситуации да н ема заинтересирани правни субјекти, но да има потецијални, кои што по насока, со укжување на оние кои што управуваат со земјиштето да вршат откуп точно на градежно земјиште во 4 очи.

Јас мислам дека целокупнта оваа дебата, ако гледате и по општиот претрес и по амандманите се водеше од причина кој прв почна и кој кога дал некое земјиште во 4 очи. ајде, ако имаме навистина сите вистинска намера да нема ваква продажба на градежно земјиште и во идиниа да оптпаднат ваките дебати и во иднина да не се обвинуваме кој прв почнал или кој направил. Дајте политичка волај и дајте заедно да го избишреме овој основ. Овој основ ако го избришеме, тогаш ќе нема шанса, тогаш ќе нема можност никој да врши продажба и никогаш да не врши продажба на градежно земјиште во 4 очи. Вака, не прифаќајки го овој амандман кај мене оставнува впечетокот дека спремни сме само да напаѓаме за некои евентуални аномалии кај спротивната страна, но си го сакаме да си го задржиме основот во иднина ние да сипродолжиме исто, односно вие да си продолжите исто вака да си продавате градежно земјиште.

Уште еднаш потенцирам ако во одреден период, одредено градежно земјиште не е атрактивно, не значи дека државата мора да се отараси и посекоја цена мора да го продаде тоа градежно замјиште на било кого и во 4 очи во било какви меѓусебни спогодби.

Јас не знам зошто заменикот министер не го прифати овој наш амандман, а овој наш амандман е навистина многу реален и логичен и сите како пратеници го бараме и го посакуваме.

Почитувани колеги, неприфаќањето на нашиот амандман повторно заради јавноста повторувам, со кој што бараме да нема веќе ви иднина законски основ да се продава градежно земјиште во 4 очи, значи дека оваа Влада, особено сега пред локалните избори, понудувајќи ги овие решенија и одбивајќи го овој амандман кој што ние го поднесуваме сака да си остави повторно голема врата за спогодби во 4 очи, кој што можеби се како ќе и послужат и во локалните избори за наградување на нејзини подржувачи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика се пријави господинот Мукоски Крсто, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам госпоѓа потпретседателке

Госпоѓа Цветанка Иванова, или не се разбираме што говориме денес тука или пак не сакаме да разбереме и манипулираме со јавноста.

Да ја разјасниме, значи оваа алинеја од членот 14 вика: “со непосредна спогодба градежното

земјиште чија сопственост е Република Македонија се отуѓува во следниве случаеви и спорен..” Значи, споран алинеја е ова, за која што вие поднесовте амандман, кога и на второто јавно надавање не се јавиле заинтересиорани лица. Што значи тоа, да го објсниме пред јавноста. Значи Министерството за транспорт и врски спроведува постапка за оттуѓување или за оздавање под концесии на државно градеШно земјиште. Во таа постапка им оредени критериуми според кои заинтересираните физички илиправни лица можат да се пријават и има оредедна почетна цена со која што треба да се стартува со лицитирање на тоа градежно земјиште. Зошто ви смета процесот за продажба и за издавање ако продолжи и по второто јавно лицитирање, а ако нема заинтересирани правни или физички лица. зошто тој процес да го затвориме и ако утре се појават заинтересирани за тоа земјиште, наново да ја спроведуваме постпаката. Значи, тој процес за спроведување, секако ќе биде јавен, транспарентен, набљудуван и од јавноста, зошто да не го оставиме отворен иако по извенос време се јават заинтересирани физички или правни лица, тоа земјиште не го продадеме или не го издадме под концесија и кога веќе има некоја основна цена што не може надолу да се оди. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Почитуван колега, точно заради тоа, затоа што Министерството за транспорт и врски секогаш може да дава согласност и да го менува Урабинистичкиот план во соработка со општината и наместо градинка да предвиди трговски центар и обратно и од неатрактивно да прави атрактивно, или од атрактивно градежно земјиште да направи неатрактивно. Затоа, ајде да н е се натегаме. Да си го заштитиме градежното државно земјиште. Гласајте да го тргнеме овој основ. Значи, никој во иднина во Република Македонија да не смее да продава градежно земјиште во 4 очи. само тогаш ќе ви верувам дека навистина се залагате за она што го зборувате.

Инаку, оваа алинеја која што сакаме да ја бришеме се однесува само на оттуѓување на градежното земјиште, а не и за давање под долготраен или краткотраен закуп.

И на крајот, сакам да кажам дека навистина, ова што сето го правите во очи на локланите избори не ми личи на ништо друго, туку на создавање на основ за злоупотреба на позицијата на власт.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господин Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев**: Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувани колеги, изгледа неколкумина пратеници се јавуваме по овој Предлог закон од едноставна причина што сакаме нешто да промениме во законот меѓутоа тешко ни оди.

Почитувани колеги сакам да ве потсетам дека до неодамна граѓаните на Република Македонија мислеа дека најголемите критичари за сите спогодби кои што се случуваат во Република Македонија, е токму ВМРО ДПМНЕ и дека секогаш тие било во опозиција или на власт ќе се залагаат ниту една спогодба да не се нарави во 4 очи , туку тоа да биде едан транспаретна работа која долукува на една демократска земја. Дел од колегите од позицијата денеска зборуваа и за тоа дека од 2006 година СДСМ понел политичка одговорност кога еден министер за транспорт и врски си даде оставка. И тоа е така и тоа е точно. Меѓутоа главното прашање што се смени кај сегашанава позиција за така лесно го сменат ставот и денеска сесрдно се залагаат да во Законот стои одредба која што овозможува склучувањ на договори и спогодби продавање на македонска земја во 4 очи.

Почитувани колеги сакам да ве потсетам уште еднаш дека цената за ова пак ќе ја платите, меѓута најмногу ќе ја платат граѓаните на Република Македонија. Ние како СДСМ цениме дека ова е погрешен пристап, дека оваа одредба во Законот е погрешна и затоа го дадовме овој амандман. Членот 14 предвидува дека со непосредна спогодба може да се продава градежно земјиште, сопственост на Република Македонија да се оттуѓува, да се дава под долготраен закуп или краткотраен сосема сеедно, меѓутоа никаде збор нема за транспаретност. Мислам дека наша обврска е да преупредиме таквите нешта не се добри, дека треба заеднички да се залагаме да ги исклучиме ваквите нешта од сегашниве законски проекти и во иднина да не дозволиме такви нешта воопшто и да дојдат на дневен ред во ова Собрание. Меѓутоа наше е само да предупредиме, вашите аргументи се 64 гласа во овој Парламент и тоа е тоа. Меѓутоа не постои аргумент кој што може некој да го изнесе и да каже дека заради следниве причини ова е подобро да биде вака. Од тие причини ве замолувам да уште еднаш размислите, го замолувам и заменикот министер да го прифати овој амандман заради тоа што навистина преставува сериозна закана да во иднина биде злоупотребен овој член, заради тоа што често пати знаеме да прочитаме по медиумите дека одредени тендери намерно се поништуваат еднаш или двапати за да третиот пат дојде до непосредна спогодба. Од тие причини цениме дека навистина немаме потреба од еден ваков член во законот и дека Законот за градежно земјиште кој што е база, кој што е основа мора да биде, мора да биде чист, мора да биде сериозен основ за спроведување и на Законот за просторно и урбанистичко планирање, а се разбира веднаш потоа и на Законот за градење. Доколку овде ги пројавиме овие пропусти и слабости, се разбира дека тие ќе се провлекуваат и во овие други два закона, пред се мислам во Законот за градење.

Мислам дека во овој момент ваквиот член прави сериозни проблеми во Република Македонија и

со едно заедничко залагање ценам дека можеме да ја исклучиме оваа опасност за граѓните во Република Македонија.

На крајот на краиштата на нас како опозоција почитувани колеги да предупредиме на последиците од еден ваков пристап и од едно вакво погрешно решнение во Законот. На вас е одговорноста и за тоа како ќе одлучите да биде реализиран овој закон.

Од тие причини ве замолувам уште еднаш, без разлика на пратискиот став, овој амандман да го прифатите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За релика се пријави госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска**: Благодарам потпретседателке, само кратко. Од почитуваниот колега и од некои други дискутанти често беше спомнувано продажба во 4 очи. јас би рекла дека постпаката за долготраен, краткотраен, закуп или оттуѓување на ггрaдежно земјиште со непосредна спогодба не ја гледам као продажба во 4 очи. Тоа е постапка за која што секогаш постои можност за контрола од наделжните фактори за ревидирање на таа постапка и тоа е всушност постапка која останува како пишан начин на спроведување на постпаката и уште едно почитувано колеги, оние кои се подложни на злоупотребата и на местото на кое се наоѓаат, без разлика како стои во Законот тие вршат злоупотреба и тоа треба да се санкционира. Меѓутоа, не би ценела дека треба од старт сега кога ги донесуваме изменувањето на Законот со кој што недвосмислено е кажано дека средствата што ќе се прибираат, се променува соодоносот на нивната распределба во корист на локалните општини, ние да дебатираме со претпоствки дека постоечките тези во Законот можеби ќе бидат од некого злоупотребени. Ако бидат злоупотребени постојат механизми, структури во државата кои што треба да го санкционираат тоа. Уште еднаш, продажбата, оттуѓувањето на заемјиштето со непосредна спогодба не е постапка за оттуѓување во 4 очи према моите видувања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам на репликата почитувана колешке навистина, сум изненаден од ова што го слушнав од вас, од едноставна причина што вие сте веќе трета година член на Комисијата за транспот и врски и очекував вашиот пристап кон согледување на пропустите во овој закон да биде навистина сероиозен и на ниво. Доколку вие цените дека, или заборавите дека бевте најголемите критичари за тоа дека во Република Македонија нема ништо да се продава и купува во 4 очи, а сега се залагате за тоа и со тоа што ќе спомнете дека локалната самоуправа во Република Македонија добива повеќе средства, една маска за која што зборував пред малку, која што многу лесно ја гледаат и претставниците кои што учествуваат во советите и градоначалниците, меѓутоа, ја гледаат и граѓните и ве молам не постои аргумент со кој што ќе докажете дека е подобро да се продава градежно земјиште во 4 очи и тоа стои во Законот. Значи, со непосредна спогодба, а тоа значи токму тоа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, за амандманот гласаа 11 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за менување на воведната реченица, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Ќуркчиев, Андреј Петров, Томе Чинговски, Цветанка Иванова и Славица Грковска Лошкова, под архивски број 07-4571/6.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 3 поднесен од пратениците Андреј Петров, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Никола Ќуркчиев и Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор замникот министер, повелете.

**Љупчо Димовски**: Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор

За збор се пријавија господин Петров Андреј, господин Ќуркчиев Никола, господин Николов Марјанчо и господин Макрадули Јани.

Има збор господин Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Овој амандман што е поднесен од група пратеници на СДС е со цел да се подобрат процесите на децентрализација на Република Македонија, односно овој амандман има за цел да со градежното земјиште, за градби од 3, 4 и 5 категорија, за кои согласно деталните урабанистички планови, градежни дозволи издаваат општините, истите да бидат надлежни и за менаџирање со градежното земјиште.

Аргументацијата е бројна зошто ова би требало да се направи. Меѓутоа, она што особено сакам да го истакнам е дека на овој начин ќе се овозможи едношалтерски систем. Вистински едношалтерски систем во кој што сите инвеститори кога ќе дојдат за кратко време ќе завршат работа и ќе знаат точно каде е лоцирано нивното место и каде треба да се обратат. Вака имаме чести случаи кога инвеститорите лутаат помеѓу општините, минстерствата, така што сме сведоци дека многу малку се гради во Република

Македонија и во нашите градови, компарирано со градовите од сосетството.

Затоа, не спорејќи го правото на Владата на Република Македонија да го задржи управувањето со земјиштето за градби од 1 и 2 категорија, за кои согласно ДУП-овите дозволи издава Министерство за транспорт и врски, сметаме дека навистина Владата на Република Македонија за капитални објекти, како што се хидроцентрали, аеродроми треба да го задржи правото и да ја има можноста да го управува земјиштето.

Меѓутоа, исто така сметаме дека општините во Република Македонија можат и мораат да имаат право на располагање со земјиштето.

Парадоксално е што, не само што немаат право да го управуваат градежното земјиште, да бидат онаа институција која за градбите од тие категории имаат можност да спроведуваат постапки, согласно законот. Не се во можност ни да купуваат земјиште.Тренд, особено во земјите, новите членки на Европската унија и оние кои се во развој е да се овозможува на општините, преку правилен начин на менаџирање, да купуваат земјиште, да потоа, со инвестирање во инфраструктурата на тоа земјиште, до изработка на ДУП-ови да можат да го подигнат квалитетот на тоа земјиште, а со тоа да овозможат негова поправилна продажба, а на тој начин да овозможат и подобри услови за живеење на сопствените граѓани.

Затоа би апелирам до заменик министерот за транспорт и врски да размисли уште еднаш и по нашето елаборирање на овие амандмани се направи напор да едно долгогодишно барање на општините, на ЗЕЛС, што се темели на аргументи, не се темели само на желби и проекции, што се темели на мислењето на Европската комисија на претходната и годината пред таа, во кое Владата се упатуваше да ја разгледа можноста општините да располагаат со градежно земјиште во нивна надлежност. Се темели на една многу добра анализа, направена од страна на Светската банка во Република Македонија во која како императив за локален економски развој се потенцира можноста општините да располагаат со градежно земјиште.

Затоа, за да ја олесниме постапката, да овозможиме натамошна децентрализација, за да го подигнеме нивото на живеење на граѓаните во Република Македонија, исто така да помогнеме во Република Македонија да се привлечат што повеќе инвестиции, мислам дека овој амандман може да се прифати.

Притоа, сакам да укажам на една работа, бидејќи кога дискутиравме минатиот пат со колегите од власта, од позицијата, дебатиравме околу тоа дали општините се подготвени за една таква работа. Дали имаат соодветни капацитети. Ние можеме да ги предвидиме модалитетите во законот. Можеме, доколку процениме дека не сите општини имаат можност тоа да го прават, да можноста за менаџирање на земјиштето ја сведеме на планските региони што ги формиравме, донесовме Закон за регионален развој. Имаме плански региони што треба да се грижат за привлекување на големи донации, меѓутоа исто така и за овозможување на стратешки инвестиции. Нема попаметен начин од тоа ним да им се даде можноста, ако веќе се сомневаме во капацитетите на општините, во кои јас не се сомневам, меѓутоа доколку има такво стравување, за малите општини, за оние општини што сеуште не влегоа во втората фаза од процесот на децентрализација, да се овозможи на регионите, на планските региони што се формирани согласно Законот во Република Македонија да ја имаат оваа надлежност, во оние услови, како пренесена надлежност кога општините тоа самите ќе го побараат и кога општините самите тоа не можат да го прават.

Крајно е време овој процес да почне. Особено сега е погоден периодот, бидејќи оваа одредба може да стартува со новата локална власт. Ние сме сега на прагот, каде што ќе се конституира локална власт, нова, во општините, мислам дека треба да им овозможиме простор да немаат дел од проблемите што ги имаа нивните колеги во претходниот период.

Затоа, за оваа работа треба сериозно да се размисли. Ова беше барање, наш амандман и во јули. Го поднесуваме и сега. Убедени сме дека ќе дојде време кога ова ќе се направи. Меѓутоа, да не го губиме времето, затоа што не е сеедно дали ќе се направи денеска или ќе се направи после извесен период или ќе се направи со почеток на еден мандат на локалната самоуправа или за тоа ќе бидеме принудени да чекаме уште извесен период.

Она што сакам исто така да го кажам во прилог на ова е навистина уверувањето дека Катастарот се реформира. Дека Катастарот, раформите во него веќе овозможуваат едно сериозно ниво на сигурност на граѓаните дека ваквиот процес во општините, преку создавње на линкови на поврзување помеѓу Катастарот и локалните власти ќе може да профункционира и дека навистина во општините ќе имаме едношалтерски систем, каде инвеститорите ќе дојдат, ќе се обратат и постапката, што е согласно Законот ќе биде пропишана, ќе може да се завиши во општината. А, нека се предвидат казнени одредби за сите оние кои ваквите одредби евентуално би ги злоупотребиле, да бидат санкционирани. Никој не е против тоа и тоа треба да постои во Законот.

Затоа, уште еднаш аплеирам до Владата да размисли, до заменик министерот, да направи уште една консултација со Владата, да го прифати овој амандман, а до колегите пратеници од позицијата да го прифатат и подржат овој амандман. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика се пријави господин Петров Горан, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам.

Колега Петров, спомнавте една дискусија помеѓу предлагачите на амандманот, тоа беше на Комисијата за транспорт и врски. Во таа дискусија беше спомнато дека не сите општини, бидејќи вие бевте градоначалник на една можеби од најголемите општини во Република Македонија, дека не сите општини имаат кадровски потенцијал за да можат да одговорат на барањата за продажба на градежното земјиште.

Не изразувам сомнеж во тоа дали општините еден ден ќе бидат подготвени да го прифатат тој дел од децентрализацијата. Меѓутоа, се надевам дека ќе ни објасните врз основа на која ваша проценка дојдовте до заклучокот дека во овој момент, со вака предложен текст на амандманот сите општини ќе можат да го прифатат делот на одговорноста со продажба на градежното земјиште. За тоа сепак треба минимум луѓе, служби што ќе можат адекватно да одговорат.

Доколку алудирате на тоа дека ќе може со регионализацијата да се покриваат повеќе општини, тогаш не гледам каква поврзаност има едношалтерскиот ситем со регионализиција, кога граѓаните, на пример, на една општина блиску до Велес, Чашка, ќе ги даде надлежностите за продажба на земјиштето, претпоставувам во Велес, а да мораат повторно да одат за градежна дозвола во општина Чашка. Во тој случај едношалтерскиот ситем отпаѓа.

Според моето видување ова само ќе ги искомплицира работите, барем во делот додека општините навистина не бидат подготвени да ја преземат оваа своја обврска што, несомнено, еден ден ќе мора да ја прифатат. За ова, претпоставувам дека предуслов се нови вработувања во делот на секторот за урбанизам во секоја единица на локалната самоуправа. Дали е тоа возможно? Дали таа одговорност ќе можат со успешност да ја носат е голем знак на прашање. Се надевам дека времето ќе покаже дека со јакнењето на капацитетот на единиците на локалната самоуправа ова ќе биде еден природен процес каде ќе нема воопшто дилема дали може да се спроведе или не.

Сега, во овој момент ценам дека можеби е преурането, посебно што без една соодветна анализа, дали буквално секоја општина ќе може да го преземе овој дел на одговорноста, не гледам решение во вашиот амандман. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Сакам да реплицирам на колегата со кога имавме дискусија и на Комисијата за транспорт и врски во Собранието.

Никој не тврди дека сите 84 - 85 општини, заедно со Градот Скопје, како посебна единица ќе имаат капацитет веднаш да го направат тоа. Меѓутоа, имаа форми во законот како се овозможува соработка помеѓу општините.

Донесовме Закон за меѓуопштинска соработка. Со тој Закон општините можат одредена надлежност што не можат да ја обавуваат, но не ние да бидеме тие кои ќе судиме дали можат или не можат да ја обавуваат. Им се отвора можност дека одредена област што не можат да ја извршуваат, да ја префрлат на поголема општина. Такви примери имаме во Прилеп и во Велес и во Струмица и секаде каде функционира тој систем. Така што, не мислам дека треба да ја исклучиме таа можност. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Збор има господин Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитувани колеги,

Ценам за потребно да се вклучам во дискусијата и да апелирам до вас да го прифатиме овој амандман од повеќе причини.

Имено, со овој амандман сакаме да се преуредат правата од градежно земјиште во сопсветност на Република Македонија, членот 12, каде што со градежно земјиште, сопственост на Република Македонија, во име на Република Македонија, за градбите од 1 и 2 категорија тоа значи за аеродромите, магистралните патишта, болниците, хидроцентралите итн, остане да дава согласност, согласно ДУП-овите и понатаму управува или дава согласност Владата, но за градбите од 3, 4 и 5 категорија, тоа се ниско градбите, високо градбите итн, каде што и сега, овој момент, општините издаваат градежни дозволи, да биде да управуваат општините.

Со еден ваков член нема ништо да се промени, освен што ќе се прецизира членот 12 кој содржи 4 ставови. Иако во 4-тиот став предлагачот вели дека правото за управување со градежното земјиште, наменето за општа употреба и за локалитети од јавен интерес утврдени со закон, Владата на Република Македонија може да го пренесе на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија.

Ние вршиме допрецизирање на овој член 12 и ценам дека треба да биде прифатен. Апсолутно не се согалсувам со сите оние колеги кои дискутираат или се јавуваат за реплики и се јавуваат во интерес, наводен, дека ќе ги штитат интересите на локалната самоуправа, односно општините во Република Македонија.

Она што, ако веќе зборуваме за општините, за локалната самоуправа, треба да го каже секој од нас, бидејќи доаѓаме од тие локални самоуправи, општините е да кажеме дека токму овој Закон ја укина најважната одредба, а тоа е би рекол најважниот надомест, тоа е надоместокот за употраба на градежно земјиште, позната како градска рента, каде што сите градови и села во светот се уредуваат токму од тие средства. Така беше и кај нас. Меѓутоа, ако сакаме да помогнеме на општините од каде што доаѓаме, еве можност тоа да се промени токму во овој закон.

Почитувани колеги,

Градската рента, во суштина е градскиот ДДВ. Се функционира, се почнува токму од него. Мислам дека не треба да бидеме лицемерни и да признаеме дека тоа во суштина е токму така.

Од друга страна, зошто тврдам дека овој член лошо ја регулира оваа материја. Тоа е, ако го земете и членот 43 што индиректно е поврзан со овој член, а тоа е дека во сите градови и села, улиците се објекти од јавен интерес. Според Уставот нив може да ги гради само локалната самоуправа. Но, замислете, локалната самоуправа не може да го откупи земјиштето. А не, да ги уредува односно да ги гради истите. Зошто, заради тоа што предлагач на експропријација може да биде само оној кој плаќа. За да го уредиш просторот, мора да го поседуваш.

Како што реков дека ниту со 30 члена законот не можеме да го подобриме, особено ако некој не го дозволува тоа. Нема ниту еден аргумент, ни еден елемент, ни една анализа зошто се нуди еден ваков закон? Зошто никој или предлагачот не сака да го подобриме овој закон? Го донесовме пред три, четири месеци, сега го менуваме. Знаеме дека од тогаш наваму апсолутно ништо не е сменето за подобрување во оваа насока.

Од тие причини, почитуван заменик министер, освен она “не се прифаќа амандманот” и образложението за овој закон од два реда, очекувавме да излезете на говорница и да ни кажете макар два елементи, два аргументи зошто барате да биде донесен овој закон? Која е таа анализа што вие како Министерството успеавте да ја направите за еден краток временски период, што не е позната никому. Ниту на пратениците, ниту на експертската, ниту на теоретската јавност, апсолутно никому во Република Македонија.

Сметам дека причините за носење на едни вакви измени требаше да бидат кажани од оваа собраниска говорница, а не да ни се случи после неколку месеци повторно да имаме промена на овој закон. Како што реков, што претставува база, основа за уште два други закони, а тоа е пред се Законот за градење.

Од тие причини, ценам дека нема потреба повеќе да дискутираме, ниту да нудиме аргументи за тоа дали овој амандман треба да биде прифатен или не. Апсолутно ценам дека требаше да биде прифатен. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Овој амандман или гласањето по амандманот ќе ја покаже волјата, како што зборуваа многу колеги од ВМРО-ДПМНЕ дека сакаме да им помогнеме на општините да продолжат напред во својот развој.

Тие рекоа дека со овој Закон значително ќе им се помегне на општините, со тоа што 80% од средствата остварени со продажба на градежно земјиште ќе бидат приход за општините. Меѓутоа, овој амандман предвидува управувањето со градежното земјиште да биде во надлежност на самите општини.

Суштинскиот дел од децентрализацијата не значи парите од Буџетот само да се трансферират до локалната самоуправа, односно да ги собира државата, а потоа, како ќе цени да ги дели на општините. Туку, општините да можат самите да го планираат развојот во рамките на својата општина.

Не е во ред процесот на децентрализација и понатаму да се кочи. Откако е дојдена оваа власт за децентрализација се издвојуваат најмалку средства. Се издвојуваат најмалку извори за да можат општините да профункционираат.

Нека прифати претставникот на Министерство за транспорт и врски, заменикот министер да управуваат со градежното земјиште барем оние општини што веќе влегле во втората фаза од финансиската децентрализација. Што значи дека имаат изградено капацитети со кои што можат да стопанисуваат со земјиштето. Оние што се уште не се влезени во втората фаза нека почекаат. Кога ќе ги исполнат критериумите нека го добијат ова право.

Жал ми е што се загуби дебатата за децентрализацијата. Ние цело време овде отвораме теми што имаат, пред се, политички карактер. Многу малку зборуваме за она што значи суштинско живеење на граѓаните. Иако 2005 година децентрализацијата беше најавувана како нешто мнгу значајно. Дека граѓаните ќе можат сами да одлучуваат.

Со промената на власта, многу работи останаа статус кво. Не се овозможи простор општините да се развиваат сами. Не им се изгадија капацитети, односно не им се даде финансиска моќ, па сега имаме ситуација кога државата се меша директно во ингеренциите на општините.

Така е последниот случај со набавка на двокатните автобуси за Скопје, таков е случајот со делењето, гледавме на емисијата 100 дена Влада кога се фалеше Владата дека давала пари за оваа општина, за онаа општина, за водовод, за канализација, за разни други потреби на општините. Тоа само укажува колку сме далеку од вистинскиот процес на децентрализација. И затоа еден од чекорите кој што ќе го овозможи тоа вистински е токму давањето на управување на општините на градежното земјиште. Само 6% од вкупната потрошувачка во Република Македонија оди преку општините, што е многу мал процент во споредба со другите земји во Европа. Само тоа покажува колку сме ние назад, но очигледно стратегијата која ја одбрала оваа Влада да се додворува на граѓаните и со проекти кои припаѓаат на општините се со цел да покаже дека нешто прави не овозможува кај нив да се собере храброст и да започнат вистински процес на децентрализација. Многу е подобро кога ќе испадне некој од Владата и ќе рече ние во таа

општина го направивме водоводот или дадовме за училиште или дадовме за црква. Така не се прави децентрализација, така општините нема да одат напред.

Затоа колеги апелирам да го подржите амандманот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам потпретседателке.

Сакам само да реплицирам во делот на излагањето на почитуваниот колега каде кажа оние општини што се влезени во втора фаза да го добијат правото за да управуваат со земјиштето, почитуван колега, гледајќи го вака формулиран амандманот никаде такво нешто не гледаме дека е наведено.

Значи, вие предлагате за градбите од трета, четвртта и петта категорија согласност со деталните урбанистички планови со градежното земјиште да управуваат општините. Тоа важи за сите општини, така е предвидено во овој амандман. Тоа е една работа за која сакав да кажам.

Друго, исто така би сакала да потенцирам од вашето излагање кажавте дека општините немаат можност сами да го планираат развојот на својата општина и во тој дел нема да се согласам со вашето излагање од причини што оној кој менаџира односно градоначалникот на општината до колку има точна визија за развојот на својата општина согласно законските нормативи може да го спроведува и реализира развојот на таа општина. Тоа впрочем ќе биде оценето на претстојните локални избори. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитувана колешке, очигледно не сте ме слушале. Јас реков заменикот министер да прифати изменување на амандманот во кој ќе допрецизираме општините кои влегле во втората фаза од децентрализација да го добијат правото, а околу правата на градоначалниците да менаџираат со ресурсите на општината, да ве потсетам, донесовте Закон со кој им наредивте на градоначалниците за обично поставување на клупа, за изградба на парк, за било каква инфраструктурна работа во било која општина да мора да го прашаат министерот за транспорт и врски да даде согласност. Дури им наредивте на општините облеката што ќе ја носат комуналните редари да ја пропишува министерот за транспорт и врски. Ако е тоа можност градоначалникот да се докаже кога треба за се да оди во Министерството и да праша, навистина имаме големи разлики во сфаќањата на децентрализацијата.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам .

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке,

Апсолутно господинот Марјанчо Николов ги допре оние точки од амандманот кој се предлага, бидејќи едно зборуваме, а го немаме прочитано ниту амандманот, ниту законот или не сакаме да ја согледаме реалноста во Република Македонија.

Уставот на Република Македонија како највисок акт во државата никаде не вели дека Владата, а најмалку Миле Јанакиески има право да ги планира градовите како се развиваат. Затоа имаме турбо-фолк ситуација во Скопје. Никаде ни еден министер нема право,Уставот не му го дава тоа право да го планира градот како ќе изгледа. Затоа скопјани се револтирани зошто е Кејот под клуч и зошто таму има еден монтажен мост каде не дај Боже не знаеме дали има и употребна дозвола за да се движат луѓето по тој мост, а со лимени тараби е опкружен Трговскиот центар.

Затоа, не за џабе, таа одлука за планирање и развојот на градот е симната на едно пониско ниво, на ниво на општина, таму тие да си размислуваат како сакаат врз база на потребите и врз база на квалитетот на живеење да им изгледа градот. Значи, не за џабе иницијативата која е поведена до Уставниот суд од страна на градоначалникто за Деталниот урбанистички план се вели дека еден детален урбанистички план треба да отсликува владеење на правото, заштита и унапредување на животната средина, уредување и хуманизација на просторот. Граѓаните што живеат на одредено место врз база на приоритетите ќе се одлучат во кој правец да се развива градот. Тоа не може да го прави министерот за транспорт и врски.

Затоа пратеничката група на СДСМ предлага менаџирањето на градежното земјиште да биде во рацете на општините за кое неколку пратеници од ВМРО-ДПМНЕ се согласија. Ако сакате да го ставиме и од аспект на побрза и поефикасна работа во Република Македонија има 84 општини, секој нека си одбере една локација за продавање, тие 84 апликации ќе стигнат во фиоката на министерот. Покрај тоа тој си има, во согласност со надлежностите, и други активности, меѓу кои да пропишува како ќе изгледаат униформите на редарите, но ајде да го тргнеме тоа. Значи, има од аспект на телекомуникации, воздушен, воден сообраќај, железнички и т.н. Кога ќе дојде еден објект од една општина на ред, ќе помине многу време и затоа велиме да им го дадеме менаџирањето на градежното земјиште на општините затоа што тие ќе им дадат приоритет врз база на потребите што ги имаат. Па, ако после две непосредни спогодби, не мора 73-от Трговски центар во Скопје да го направиме, ајде да направиме една детска градинка, да направиме еден парк, не мора само да градиме трговски центри. Ако нешто не оди со продажба затоа што Владата и министерот си имаат ќар од тоа, не мора да ги уништуваме градовите. Јас ве уверувам, најгласни се овие

кои дофрлуваат, ако менаџирањето на градежното земјиште во Охрид беше на страна на градоначалникот до сега ќе иамвме изградено Шератон, но бидејќи Миле не може тоа да го направи, сега страда цела Македонија. Не можете вие да одлучувате дека на тоа градежно земјиште што ќе има и тој процес вие да го терате, или тоа да го направите после три месеци бидејќи прво треба да направите 3-Џ лиценци, треба да направите договор за долгот со Унгарија за железницата и т.н., а општината од тоа живее и општината ги познава тие потреби и полесно е тоа да го направи.

Јас ве уверувам дека тие градоначалници кои се способни од сите политички партии на кои им се сечени или врзани рацете затоа што нема законска можност целата постапка на менаџирање да биде во рацете на општините. Затоа, кога се работи за највиталните делови на градот, не само ние туку и медиумите и граѓаните се згрозени од тоа каде ткивото на градот е нападнато или узурпирано од пластични тараби од некои инвеститори, тоа не е лоша слика за граѓаните, туку тоа го нарушува квалитетот на живеење, бидејќи се работи за една патека на Кејот која е популарна за сите граѓани и не само за граѓани, туку и за туристи кои доаѓаат во Скопје.

Затоа се залагаме приоритетот на општините врз база на потребите да си го има со менаџирањето на градежното земјиште врз база на деталните урбанистички планови. Никој не вели дека општините треба да одлучуваат за градење на нуклеарки и аеродроми, се знае Владата за тие што се од прва и втора категорија ќе си ги има, а оние надлежности од теталните урбанистички планови тие ќе ги менаџира општината. Тогаш да не се префрла вината ми дава, не ми дава Владата или ми дава или не ми дава министерот да дадеме шанса на способните градоначалници во процесо тна децентрализација да си работат на приоритетите што се за општината, а не тие приоритети да зависат од приоритетите на Владата.

Со мешањето на Владата во изборот во која општина кое земјиште по ред ќе се продава, мислам дека е лоша работа. Еве еден работен ден на министерот само 84 барања нека има од општините за продажба на државно градежно земјиште, тоа треба да се среди, а покрај сит енадлежности што ги има и после се неефикасни. Општината ако има можност да го менаџира, тогаш многу полесно во една општина, посебно во помалит општини ќе седнат советниците и градоначалникот и врз база на анкета, врз база на организиран анкетен натпревар каква што е европската практика ќе си го изменаџираат земјиштето онака како што најдобро ќе биде за самата општина.

Вака државата презема преголеми ингиренции, се меша во уредувањето и животот на граѓаните, мислам на нивниот квалитет, а кога ќе згусти работата и кога сите весници зборуваат за Кејот дека е под клуч, тогаш сите си префрлуваат жешки костени од една во друга рака, а единствено што трпи, трпат граѓаните.

Затоа, ако навистина сакаме да им дадеме шанса на успешните градоначалници, да им дадеме шанса за развој понезависен и посамостоен на локалните самоуправи, да го подржиме овој амандман кој само заложбата, ама декалративно што ја кажаа во неколку говори пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ќе дадеме да се имплементира во пракса.

Јас ве уверувам дека, ако ги прашате градоначалниците во локалните самоуправи тие повеќе ќе сакаат да има распределба 60:40 во однос на државата ако тие го управуваат земјиштето. Ве уверувам дека е така, бидејќи на тој начин ќе знаат и да си направат приоритети и да направат план, а вака бидејќи зависат од други, испаѓа “дупло голо”никој нема ќар ниту државата, бидејќи гледаме пропаѓаат големите и крупните тендери за земјиште, остануваат само корумпираните, а од друга страна нема развој во општините. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван господине Макрадули,

Заради интерес на јавноста вие прво рековте дека ние не ги читаме законите и затоа ќе го покажам законот, бидејќи вие давате амандман на член 12 од овој закон, ќе го прочитам за да слушне јавноста дека ги читаме законите. Пишува: со градежното земјиште сопственост на Република Македонија во име на Република Македонија управува Владата на Република Македонија, тоа е член 12 став 3.Вие поднесувате амандман во кој кажувате дека со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, во име на Република Македонија за градбите од прва и втора категорија согласно деталните урбанистички планови управува Владата на Република Македонија. За градбите од трета, четвртта и петта категорија, согласно деталните урбанистички планови со градежното земјиште управуваат општинтие и општините во градот Скопје. Тоа е исто како јас да имам куќа и да речам дека со мојата куќа да управувате вие.

Значи, навистина нема никаква логика амандманот и цело време, за да види јавноста, во весникот “Време” вие го раскажувате ова што е пишано во весникот “Време” и ваша режија овде, Кејот под клуч. Значи, граѓаните да видат, во нивен интерес, како ги лажете и како ги манипулирате и цело време ноќна мора ви претставува, за жал, господинот Миле Јанакиески кој навистина правилно си ја врши работата, а вас за тоа ви е криво, бидејќи вие во ни еден момент, во ни една ваша Влада, во ни едно ваше владение немавте таков квалитетен човек.

Вие треба да престанете да се занимавате со господинот Миле Јанакиески, бидејќи овде имаме амандманска расправа за овој закон.

Јас се пријавив за реплика заради интерес на јавноста и точно на крајот сакав да реплицирам да слушне јавноста со какви луѓе од опозицијата има работа. Значи, кој е вашиот квалитет, која е вашата логика и ова е вистината, сите граѓани ќе прочитаат "Време" што раскажувате вие, ќе го прочитаат законот и ќе видат за каков амандман стануваше збор, а вие што раскажувавте до сега. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници од кои за амандманот гласаа 12, не се воздржа никој од гласањето, против гласаа 47 пратеници.

Ги повикувам службите да дадат точен број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во моментот на гласање во салата беа присутни 67 пратеници, според тоа гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за менување на став 3, поднесен од пратениците Андреј Петров, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Никола Ќуркчиев и Томе Чинговски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавени Андреј Петров, Јани Макрадули и Никола Ќуркчиев.

Има збор господинот Андреј Петров, повлете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Бидејќи нашите амандмани кои беа поднесени со цел да се подобри овој закон не беа прифатени, сакам да изложам дел од позициите кои СДСМ ќе ги заземе по однос на овој закон.

Прво, сакам да ја поздравам определбата општините да добијат повеќе средства. Односот 20:80 со овој закон навистина ќе даде повеќе средства од страна на општините во распределбата. Тоа е воприлог и компатибилно со оние амандмани кои ние како опозиција ги имавме кога се дискутираше по овој закон во јули и мило ми е, иако тој мој амандман тогаш беше отфрлен, денеска после три месеци Владата увидела дека е направена грешка во тој период и сега прави корекција во тој дел.

Меѓутоа самото тоа не е доволно за да оцениме дека овој закон прави квалитетен исчекор напред во однос на процесите односно материјата што ја регулира овој закон за градежно земјиште. Има многу примери како тоа може да се направи, меѓутоа амандманит кои ги поднесовме се базираат на дел од искуствата на земји членки од Европската унија, на дел од искуствата на САД. Имав можност при престојување во САД, заедно со некои мои колеги од позицијата, да се убедиме дека општините ја имаат таа можност и тоа е нешто што овозможува креирање на цели зони на технолошки развој во градовите. Но очигледно кај нас нема расположение за сето тоа. Жално е што не се излегува во пресрет на повеќегодишното барање на ЗЕЛС по однос на ова прашање, кој е легитимниот и автентичен застапувач на интересите на општините. Исто така не се излегува во пресрет и на онаа забелешка во Извештајот на Европската унија за напредокот во кој и се забележува на Владата, да ја разгледа можноста на општините да им се додели правото на управување со градежно земјиште. Исто така една прецизна анализа на Светска банка за состојбата што ја регулира овој закон укажува на тоа дека за да се поттикне локалниот и економски развој општините мора да располагаат со капитал. Змјиштетот е капитал во рацете на одговорна локална самоуправа. Ние тоа треба да го поттикнуваме, а не да одиме со еден параноичен страв дека ако тоа се даде на општините, тие или нема да имаат доволно капацитет, или сето тоа ќе го злоупотребат. Значи управувањето со градежното земјиште ќе овозможеше, доколку беа прифатени овие амандмани, изградба на едношалтерски систем, подобро управување, ќе овозможеше инвеститорите кои со години кружат околу нашите градови конечно да сватат дека сме решиле сите заеднички да направиме нешто за нашата земја, да направиме нешто за граѓаните на Република Македонија. Вака само ќе констатираме како во главните градови на соседните земји ќе се гради и тоа драматично, како нашиот главен град и другите градови во Република Македонија ќе бидат во сериозно заостанување зад регионот, а воопшто да не се компарираме со остатокот од земјите во Европската унија и САД.

Мислам дека ќе дојде време кога сигурно ќе се заклучи дека и вака предложениот амандман на СДСМ, во моментот бил исправен и дека тој ќе треба да биде прифатен, меѓутоа времето не гази, ние повеќе немаме време да го одлагаме развојот на нашата земја.

Исто така имаме суштински забелешки во однос на овој закон, што се обидовме да ги искорегираме со дел од амандманите, пред се во делот на непосредни спогодби. Ние еднаш засекогаш треба заеднички, консензуално помеѓу сите нас да ја исфрлиме таа можност од законот. Тоа е можност која овозможува простор за манипулација. Не тврдиме дека некој ќе ја злоупотреби. Можеби сегашниот министер нема да ја злоупотреби, меѓутоа секогаш има можности тоа да се злоупотреби и никој не треба само од шпекулацијата дека тоа ќе се однесува на него лично, да прифати или да не прифати нешто како измена на овој закон.

Ние сме сведоци на еден оригинален изум, морам да ви кажам, само во Македонија каде што

Владата односно Министерството за транспорт и врски дава согласност за ДУП-ови. Ако пронајдете уште пет земји во светот, зборувам од развиените земји во кои тоа се прави, јас сум подготвен да дебатираме на оваа тема. Никаде во Европската унија, во САД, зборувам за развиените земји, нема можност Министерството да дава согласност на ДУП-ови и тоа да го прави во два наврати, и во нацрт и во Предлог на законот. Секаде дава согласност на мастер плановите, на генералните планови. Меѓутоа не може да дава согласност на ДУП-овите и со тоа да ја држи урбанизацијата на просторот, во сопствени раце. Секаде тоа е легитимно право на локалната самоуправа, а ако некој постапи спротивно на законот, има санкции за тоа. Меѓутоа, ние одиме од една испревртена ситуација во која со еден буквално туторски однос над локалната власт, што не сметам дека е добар. Што треба да правиме? Не да ги контролираме со согласност, туку треба да поттикнеме, слично на исккуството кое јас го имав, го имав со помош на УСАИД, на Американската невладина агенција и на Европската агенција за реконструкција, да се развие геоинформацискиот систем во општините, да се има прецизна контрола на просторот. Тоа што беше направено во Велес, во Карпош и уште во една или две други општини, да биде направено на целата територија на Република Македонија. Така ќе дојдеме до резултат кој ќе може да гарантира дека навистина добро се справување и со контролата на сите можни регуларности во процесот на трансакции со земјиштетот, меѓутоа, исто така ќе овозможиме во локален економски развој, ќе овозможиме градовите да се развиваат, тоа е најдобар начин да се превенираат недозволените дејствија.

Ако денес ја гледате оваа дебата што имаме можност да ја читаме и на интернет која УСАИД денес ја отвора на тркалезна маса, тоа е токму тоа најголемите можности се тука за злоупотреба во општините. Меѓутоа, само со градење на прецизен геоинформациски систем тоа може да биде спречено, не со оневозможување на општините да располагаат со капитал. Во Холандија најразвиените општини се стекнаа со тој епитет благодарејќи на тоа што купуваа земјиште, купуваа кога оценија дека можат да го купат, дури и од приватници и потоа тоа земјиште го ставаат во служба на развојот и се градеа огромни комплекси, огромни зони во кои се вработуваа илјадници луѓе. Тоа е начинот на кој може нешто да се направи. Вака ние одиме на една работа која мислам само е одоговлекување на еден процес кој неминовно ќе следи.

Исто така сакам да кажам дека ние имаме законска материја која ни овозможува и за оние општини кои се недоволно развиени, преку меѓуопштинска соработка, преку позитивните искуства кои ги имаме во голем број на градови да се овозможи со еден синергизам, со заедничко дејствување на различни општини, понекогаш од различна политичка провиниенција, да се направи нешто, ама тоа е многу повеќе едношалтерски систем отколку можноста министерот од Скопје да знае што ќе се случува во Охрид, што се случува во Струмица, што се случува во Прилеп, во Битола, да не зборувам за Македонски Брод, за пасивните краишта кои и те како бараат можност за развој. Затоа СДСМ воден од најдобра намера ги предложи овие амандмани, меѓутоа немаше расположение овие амандмани да бидат прифатени.

И покрај тоа што сметаме дека е позитивно и дека одредбата за зголемување на приходот на страната на општините е работа која делува на подобрување на фискалниот капацитет на општините, сепак суштински во регулирањето на оваа материја не се создава подобрување, напротив се овозможува статус кво ситуација. Затоа СДСМ нема да го поддржи овој закон. Мислам дека големи проблеми ќе има во следниот период затоа што не може од едно место да се управуваат сите овие работи, не може од Скопје да се диригира што ќе се случува насекаде во Македонија. Затоа нема да гласаме за овој закон и затоа ги повикуваме и предлагачите, ја повикуваме Владата на Република Македонија уште еднаш да размисли и во најбрз можен период да се понуди едно квалитетно законско решение кое ќе биде од интерес на општините, од интерес на Република Македонија, а пред се од интерес на граѓаните кои живеат во Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке, почитуван заменик министер за транспорт и врски.

Господинот Петров ги кажа ставовите на пратеничката група на СДСМ и суштината на нашите забелешки. Јас ќе се обидам во мала мера да го дополнам.

Прво, во сите европски земји и оние земји кои претендираат да бидат членки на Европската унија, законот за градежно земјиште е со европско знаменце. За тоа има и директиви и пораки.

Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ никогаш не стави европско знаменце на овие закони затоа што овие закони не се во духот на препораките. Секаде препорака, тоа го имате и во Извештајот, господинот Петров спомна една забелешка, а јас ќе ви кажам друга. Дискреционите права на министрите не се европска препорака. Преголемите права што им се даваат на министрите не се европска препорака. Непосредната спогодба не е европска препорака. Затоа вие овде го немате европското знаменце, затоа што треба да се исполнат некои критериуми.

Не постои во светот толкава стимулација на непосредната спогодба како што тоа си го презеде Владата на Република Македонија. Јас верувам, не заради СДСМ, туку многу новини и

медиуми се повеќе ќе пишуваат, бидејќи полека шилото излегува на виделина.

Друга забелешка што ја пишува во Извештајот од Европската комисија за напредокот на Република Македонија е немањето дијалог и непочитувањето на институциите. Неодговорно е вие да не одговорите на ниедно прашање. Претпоставувам имате и стручни луѓе со вас што веројатно на едно прашање можете да одговорите. Пратениците се овде да ја извршуваат уставната функција, контрола на Владата. Поставивме неколку прашања. Имено, имате локација, оформена парцела каде треба да има зграда или некој објект од 100%. На пример Влатко има 30%, Оливер има 30%, 40% е на државата. Како ќе стигнат да се дооформи парцелата, прашувам.

Второ, дали е полесно 84 општини да дадат своја апликација кај министерот, или тоа сами да го направат тоа. Еве не земам наш пример, еве ќе го земам Невзет Бејта. Му требало, не му требало, ќе си го изгради објектот, но поубаво личи Гостивар, така? Но зошто за тоа Миле да одлучува, ако граѓаните во едно место сакаат во тој дел тоа да има. Затоа планирањето на градот никаде не го пишува во Уставот на Република Македонија. Владата носи, предлага просторни планови, Собранието ќе го донесе. И општото живеење го предлага Владата. Деталниот урбанистички план и она што е функција на тој детален урбанистички план е дадено на општините и на оние луѓе што ќе живеат таму. Јас пак повторувам, не мора во Скопје да имаме 73 трговски центри. Ајде да направиме едно детско игралиште, да направиме парк, 2-3 да засадиме, мислам кога сме запнале да ги продаваме тие земјишта што ни се атрактивни, на одредени компании кои ќе отворат 73-ти трговски центар со истите работи внатре. Барем нешто ново да донесеа, ама тоа ни е профитабилно. Сега кога гледаме не се продава 74-от трговски центар, ајде да направиме некој парк, игралиште да направиме, дрва да посадиме, да заличи малку градот, не вака го направивме Алкатраз плоштадот и тие пратенички кои не стигнуваат повеќе од продавниците по Трговски центар, нека поминат преку Трговскиот центар, нека отидат каде што се гради Музејот на ВМРО, на восочните фигури, да проверат до каде е изградбата, не можат да го поминат со штикли тој мост. Малку е покомплицирано. Човек за да отиде во Даут Пашин Амам, што треба да направи? Тарзан да биде, ако сака пешки да стигне. И после ние ги пишуваме текстовите, скраја Боже да било.

Затоа да ја тргнеме опозицијата, Антикорупциската што ја наградивте со директорско место не значи ние од СДСМ, Антикорупциската комисија вели за деталниот урбанистички план на Центар, со ваквото постапување им се испраќа лоша слика и порака на другите единици на локалната самоуправа дека можат да прават што сакаат, а притоа да не ги почитуваат законите, туку одлуките да ги донесуваат според мислењата на одредена клановска дружба. Тоа го зборува Државната комисија за спречување на корупција. Во никој случај не смееме децентрализацијата да ја толкуваме како моќ на поединци и групи да прават што сакаат, кршејќи ги притоа прописите на генералните документи, во овој случај на Генералниот урбанистички план. Цитирам информација од весник.

Граѓаните се револтирани, онаа институција што треба да се грижи за законите и контрола тоа е Државната комисија за спречување на корупција вели дека тоа не е во ред, сите градоначалници на ЗЕЛС зборуваат дека има потреба од менаџирање, сите сме свесни дека ако наместо 84 пријави што ќе дојдат утре од секоја општина од Македонија за продажба на некое градежно земјиште и дури дојдат на ред побрзо ќе завршат ако сами го направат во својата општина врз база на приоритетите на таа општина, ама не може амандманите да ги прифатиме затоа што се предложени, замислете, од СДСМ се дрзнале да предложат амандмани.

Кога за вакви работи каде зборуваме за квалитетот на живеење на граѓаните, нема дебата, нема јавна анкета, нема јавна дебата во јавноста, нема прашања, одговори овде во Парламентот, не можеме да очекуваме дека некој со сила ќе ни ја поправи единицата за демократија. Не, се гледа. Ако вие еден закон шест пати го смените за три месеци, очигледно нешто не е погодено во самиот концепт на законите. Процентот од 80:20 го предложи СДСМ минатиот пат, вие сега го предлагате тој. Јас ве уверувам дека до 2009 година крајот Владата ќе предложи амандман, измени на законот, со кои управувањето ќе го стави во рацете на општините. Јас ве уверувам, здравје Боже, ако сме здрави и живи сите ќе видиме. Од една страна се залагаме за децентрализација, а ни еден потез не правиме за тоа, им ги одзедовме сите пари од рамномерниот регионален развој кога беше квази ребалансот, им се доодзедоа уште малку пари по свој избор во одредени општини распределивме 300 милиони денари во сооднос 23 ВМРО, 7 СДСМ и омиленото мезимче на премиерот Груевски Сарај и мислиме дека со купување на двокатни автобуси сме ја поттикнале децентрализацијата и после сакаме во европскиот Извештај имало и добри работи, баш да видам која е добрата работа за подобрување на квалитетот на животот. Не ги гледаме критиките, бараме виновници во земји поединци и политички партии, ама тие што се задолжени со Устав и закон да ја вршат работата, никако да се фатат за тоа да го прават. И, што ќе рече министерот Јанакиески, во саботата ќе работи Катастарот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика од заменикот министер за транспорт и врски, повелете.

**Љупчо Димовски:** Не сакам да излезам несериозен во очите на господинот Макрадули,

не сум од тие кои премолчуваат некои работи, но овде се поставија повеќе прашања околу моментот за донесување и критериумите за донесување на одлуката за предлагање на Законот за измена на Законот за градежно земјиште, а тоа е пред се во создавањето на услови за поголем и побрз развој и поголема финансиска самостојност на единиците на локалната самоуправа во процесот на децентрализацијата.

Значи, Владата го имала сето тоа во предвид и во таа насока за поттикнување на натамошниот развој на општините, имајќи ја во предвид нивната финансиска состојба, Владата на Република Македонија одлучи да предложи измени со кои 80% од средствата од отуѓувањето односно закупот на државното неизградено градежно земјиште ќе се слеваат во Буџетот на самата општина и општините на подрачјето на град Скопје и самиот град Скопје во зависност од местоположбата во која се наоѓа градежното земјиште, а само 20% во Буџетот на Република Македонија.

Сакам да расчистам за што ние всушност разговараме со овој Предлог закон за измени и дополнување на Законот за градежно земјиште.

Исто така беше спомнато градежна рента и тоа неколку пати. Градежна рента или употреба на градежно земјиште постоеше кога градежното земјиште беше во општествена сопственост.

Сега, односно од 2001 година градежното земјиште е во слободен промет и е во сопственост на физички и правни лица и на Република Македонија. По тој основ самата градежна рента претставува дополнително оптоварување на буџетот на граѓаните кои што би имале обврска да ја плаќаат доколку потои како таква. Впрочем оваа влада се залага преку оутѓувањето на градежното земјиште со јавно надавање да се отуѓи целото земјиште што е во нејзина сопственост. Затоа течат и постапките за денационализација и приватизација на градежното земјиште. Исто така, сакам да напоменам дека категоризација на градежно земјиште, а тоа впрочем го има во членот 3 на Законот за градежно земјиште се однесува за изградено и неизградено земјиште планирано за градење со просторните и урбанистичките планови, или со урбанистичките проекти согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Сега само накратко да се навратам на тие фамозни 30%, значи, околу дооформувањето на градежната парцела предвидена со урбанистички план доколу лицето има сопственост на повеќе од 30%, може да има едно, или две лица. Можеби едно друго лице ќе има 40%. Но, со нотарски акт ќе бидат повикани значи и дајцата да ужествуваат во процесот на надавање.

**Светлана Јакимовска:** За контра реплика е пријавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Да се заблагодарам на заменик министерот, иако тој реплицираше во дел, коментираше и во однос на други излагачи. Но, сепак, благодарам за учеството во расправата. Јас ќе се обидам уште еднаш да го повторам она што моите колеги неколку пати го кажаа. Менаџирањето со државното градежно земјиште од страна на општините сметаме, ако им се даде нив во раце ќе биде многу побрзо, поефикансо и поквалитетно макар добивале 60% од продажбата отколку да е распределбата 80:20 за нив, ама менаџирањето да биде централизирано. Значи, ако зборуваме за децентрализација, ние се залагаме и за децентрализација во носењето на одлуките, од овој аспект менаџирањето на земјиштето.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателке

Јас ќе бидам многу краток. Почитуван заменик министер сакале да признаете, или не, меѓутоа сите сме свесни дека понудениот закон повеќе ќе ја дерегулира материјата која што е уредена во овој закон отколку што и претпоставувате. Без разлика колку со овој закон се врши централизација уште еднаш на власта во Република Македонија, јас сакам да укажам на некои елементи кои што претпоставувам дека и сам сте свесен дека е токму така. Законот кој што беше донесен во 2001 година беше критикуван од сите страни. И сите кои што се бават со оваа дејност очекуваат следниот закон кој што ќе биде донесен да ги исправи и поправи грешките со кои што се соочуваа од теоретската до практичната јавност во Република Македонија. Во јули 2008 година по итна постапка беше донесен овој закон. Укажувањата на експертската јавност на опозицијата беше дека законот е лош, дека Законот има голем број на пропусти и може да доведе, или да да ја доведе сериозно во опасност една гранка во Република Македонија со која што се бават повеќе од 60 илјади граѓани. Меѓутоа, се случи она што се случи, се донесе тој закон по итна постапка, иако нашите укажувања беа дека тоа треба да оди по една редовна постапка каде што разните асоцијации од оваа дејност ќе го кажеа својот збор и ќе можеше сите нивни забелешки да бидат вградени во истата. Меѓутоа се случи тоа што се случи. Сега повторно 3, односно 4 месеци подоцна имаме пак скратена постапка, значи пак по итна постапка барате да бидат донесени определени измени, меѓутоа фали нешто, а тоа е, зошто го барате токму тоа, зошто го променивте овој однос токму сега? Зошто не ги прифативте заложбите на опозицијата во јули месец? Меѓутоа, почитуван заменик министер, според мене не се важни процентите, дали ќе бидат 40:60, дали ќе бидат 80:20. Многу поважно е нешто друго, а тоа е дека фали сериозна анализа, дека требаше власта, или предлагачот да претпостави за само 4 месеци што ќе се случи во Република Македонија и што ќе доведе овој закон. Претпоставувам ова не го правите на памет, дека сте направиле некаква анализа и иврз основа на тоа ги нудите овие измени. Фали одговор на тоа, зошто го

правите токму сега тоа, зошто не по локалните избори, зошто не ги усвоивте нашите забелешки кои што беа токму како што сега ги предлагате, пред три месеци? И морам да признаам дека овој закон не решава ниеден отворен проблем кој што постојниот закон ги има. А кога е главната цел дискреција на одлучувњето, да може предлагачот, односно Владлата да продава македонска земја, градежно земјиште во четири очи, ако е тоа главната работа, тогаш тоа е во ред. Меѓутоа, сакам да напомнам дека дискрецијата во одлучувањето никогаш не носела нешто добро. Така ќе биде и овој пат. Вие, ви благодарам многу што ја спомнавте градската рента која што е и те како важен елемент кој што сите кои што и малку се бавеле со локалната управа знаат дека е столбот, тоа е стожерот на развојот на локалната самоуправа. Кажете ми, укинато е тоа, со што се компензираат тие средства, со повисоки комуналии и ништо друго. Тоа е стимулот за општините? Па тоа е градскиот ДДВ кој што и те како е потребен за развојот на нашите градови и на нашите села во Република Македонија. И од каде сега некој да излезе и да каже дека тоа не функционира, или воопшто не е потребно. Од тие причини мислам дека со повисоки комуналии апсолутно не може да се стимулира социоекономскиот развој на било која општина, а така ќе биде и во Република Македонија. Ценам дека Законот би можеле со денови да зборуваме за тоа што не чини во него, а дел од работите ги спомнавме. И се надевам дека многу брзо ќе увидите нови грешки и ќе предложите нов предлог закон за да барем дел од нив поправиме. Се разбира, дека ќе бидам против носење на еден ваков закон.

**Светлана Јакимовска:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се п рисутни повеќе од 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, за предлогот гласаа 60 пратеници, воздржани нема, против 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште.

**Минуваме на точката 16. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на закон, да се пријаваат за збор.

За збор се пријавија заменик министерот за животна средина, пратениците Горан Сугаревски, Лилјана Поповска, Никола Ќуркчиев, Горан Петров, Томе Чинговски и Томе Данески.

Има збор заменик министерот за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Почитуван заменик претседател, почитувани заменици.

Со Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон се вршат одредени усогласувања со стратешките општи принципи и цели во управувањето со отпад утврдени со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија што е донесена од страна на Владата на Република Македонија во 2008 година. Донесувањето на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад има за цел да придонесе кон подобрување на состојбите што постојат во Република Македонија поврзани пред се со управувањето со комуналниот и друг вид на отпад. Имено, услугите на собирање на отпад ги извршуваат првенствено комуналните јавни претпријатија, а само околу 70% од населемието е вклучено во јавниот систем на собирање на комуналниот отпад. Активностите на преработка и рециклирање за комуналниот отпад се многу ограничени без организиран пристап. Најголем дел од него и од другите отпадоци се собираат и се отстрануваат без било каков третман, или третман на општинските депонии, или на одредени тн., диви депонии. За таа цел со измените и дополнувањата на Законот се воспоставува можност за воведување на регионалните шеми за управување со отпад како што се регионалните депонии организирани веќе како центри за постапување со отпад на меѓу општинско ниво, односно регионално ниво и реорганизација и регионализација на постојниот систем за управување со отпад каде што овој пат економската категорија на отпадот исто ќе има свое значително внимание.

Со предложените измени на законот се воведува општата одредба за начелото за одговорност на производувачот за управување со поединечни текови на отпад, искористени производи и пакувања кои ќе бидат предмет на доуредување за донесување на дополнителната регулатива согласно законодавството на Европската унија. Ние очекуваме дека за околу еден месец Собранието ќе има еден таков закон повторно на свое разгледување. Со цел да се спречи што е можно повеќе прикривањето на нелегалната трговија со отпад, со измените се воведува ново кривично дело за непоставување на безбедносни камери за кое е предвидено и казна затвор од една до две години. Владата на Република Македонија смета дека со воведувањето на ова кривично дело ќе се намали пред се нелегалната

трговија со отпад, а истовремено ќе се намалат и кражбите на материјалите и производите што се во општа употреба не преку забрана и одлука на целосна трговија, туку на казна на оние кои што во тој сегмент нелегално управуваат и тргуваат. Со останатите измени во Законот се доусогласуваат одредени одредби со Законот за прекршоци, со тоа што во прекршочната постапка глобата се зголемува со трократниот износ од основната прекршочна санкција како и со Законот за јавна чистота во делот на висината за физички лица и се разграничуваат одредени надлежности на комуналните инспектори кои како решенија беа опфатени и во двата предложени закони. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугревски:** Благодарам почитувана потпретседателке, колеги пратеници, почитувана заменик министер за животна средина. Можеби со носењето на овој закон, или пак носењето на Законот за јавна чистота, кога се носеше законот за јавна чистота можеби беше добро ресорните министерства, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина ни ги достават во еден пакет овие два закони, бидејќи голем дел од одредбите од овие два закони се судираат еден со друг. Можеби ќе беше најдобро на една иста седница во една точка и друга да бидат разгледани овие закони се со цел да видиме каде и во кои одредби се судираат овие закони. Кога пред извесно време се носеше Законот за јавна чистота, уште тогаш обрнав внимание дека со тој закон се нудат решенија кои што веќе на определен начин се решени со Законот за управување со отпад. Добронамерно укажав исто така на парлалелизмот во решавањето на прашањата со отпадот и со јавната чистота при што се можни проблеми при спроведување на овие два закони, особено во делот, односно кој ќе врши надзор и контрола и каде ќе се создадат најголемите, односно сериозни проблеми на граѓаните. Покрај бројните предлози, тогаш кога ги дадовме амандманите кои што ги даде пратеничката група на СДСМ се со намера барем во извесна смисла да се подобри овој текст на закон. Но, тогаш, ниту парламентарното мнозинство, ниту пак заменик министерот за транспорт и врски не ги прифати тие амандмани, исто така не ги прифати парламентарното мнозинство. Меѓутоа, веројатно амандмани кои што доаѓаа се со цел да се врши подобрување на тој закон. Меѓутоа, бидејќи доаѓаа од опозицијата, тие експресно беа отфрлени. Денес имаме прилика да видиме, значи да дискутираме и да расправаме по темата отпад, или чистота преку овие предложени измени и дополнувања на Законот за управување со отпад. И во оваа прилика сакам да нагласам дека се работи за еден специјален, односно секторски закон кој ги решава прашањата на една од најважните области во животната средина, тоа е отпадот. Но, за жал морам да констатирам дека ова е веќе четврта измена по ред на дополнување на овој закон. Мислам дека со овие интервенции кои што сега би се направиле со овој закон не знам што веќе нема да остане изменето од првобитната верзија која што ја има основниот закон. Ваквите интервенции кои што се извршени во овој закон не гледам дека со овие интервенции кои што се извршени во овој закон, значи не гледам дека ќе се разграничат надлежностите кои што ги има Законот за управување со отпад со Законот за јавна чистота. Очекувам дека тука ќе бидат понудени некои посолидни решенија со кои што ќе се санираат состојбите во областа на отпадот. Но, за жал, морам да го констатирам следното. Повторно останува состојбата дека со овој закон се уредува начинот и условите по кои што се врши собирањето на отпад, како што вели член 1 од основниот текст, а истото е уредено со Законот за јавна чистота.

Со членот 22 од основниот текст на овој закон кажано е дека Советот на општината е должен да се грижи за јавната чистота, а веќе се донесе Законот за јавна чистота.

Да го споменам членот 41 од основниот текст на овој закон каде градоначалникот на општината е должен да ја одржува јавната чистота, а тоа е прашање кое што се решава со Законот за јавна чистота. И уште нешто, иако во причините за донесување на овој закон кажувате дека ќе се врши доусогласување со одредбите на Законот за јавна чистота, во делот на инспекцискиот надзор тоа не е до крај направено, бидејќи голем дел од забраните веќе се содржат во Законот за јавна чистота. Но, еве што навистина нудите во тој дел, ги задолжувате правните и физичките лица кои што се занимаваат со отпад да поставуваат видео надзор на отпадите, а ако тоа не го направат ќе бидат казнети со затвор од една до две години. Мислам дека наместо на овој начин да се изврши доусогласување на законот, односно четири пати бидејќи е сменуван овој закон, мислам дека со овие измени и со носењето на законот за јавна чистота, сметам дека ќе се направи само уште поголема рашомонијада во оваа сфера.

**Светлана Јакимовска:** Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитувана потпретседателке, почитуван заменик министерке, почитувани колеги пратеници.

Со големо задоволство давам подршка за измените и дополненијата на овој закон за управување со отпад. Задоволство е мое, бидејќи еве на ваков начин и со овие измени и дополни се дозаокружува една материја која што почна сериозно да се третира пред неколку месеци од Владата. Задоволството ми е уште поголемо што како претставник на ДОМ-Зелена партија можам да истакнам уште еднаш со задоволство дека имаме за прв пат Влада која што прашањето за заштита на животната средина го сфаќа сериозно и обрнува полно внимание. Можеби некому не му

е јасно ако само излвлекол фрагмент од овој текст на измени и дополни на законот, меѓутоа еве вака да појаснам. Значи има цела процедура за да се донесе целата законска регулатива за третманот и управувањето со отпадот. Тука спаѓа и донесување н а стратегија за отпад која во минатиот период беше донесена, а претходно беше донесена основната верзија на Законот за управување со отпад. Сега, откако стратегиајта е направена, откако веќе е сознаено дека ќе треба да има некоклу регионални депонии, а не депонија до секоја куќа и во секоја уличка каде што некој сака да си направи или каде што му е згодно да го фрли ѓубрето. Сега веќе може да се направат и овие измени и дополни на Законот за управување со отпад со кој што се регулира начинот на отворање на тие депонии и начинот на складирање.

Инаку, овој закон си е сосема компатибилен со претходната верзија и претставува негово дополнување кое што произлегува од новите елементи кои што беа утврдени во стратегијата за отпад. Се разбира, битно е што со овоие измени се утврдува и специјален надзор во деловите каде што ќе се складира отпадот, затоа што во изминатиот период сведоци бевме на скандалозни крадења на делови од јавно богатство, јавен имот кој што понатаму се препродаваше за одредени средства во одредени депонии или во одредени центри за откуп на старо железо и слично.

Со овие измени кои што се тука внесени се организира и тој дел, се воведува контрола и дас се надеваме дека со спроведување на овој дел од законот ќе се спречи крадењето на шини, на капаци на шахти и што се не веќе не се крадеше во минатиот период.

Значи, со големо задоволство велам го подржувам ова во името мое и на колегите од ДОМ и се надевам дека веќе следната година ќе имаме едно заокружено управување со отпадот, нешто што организирана држава одамна требало да го направи, ама еве сега му дошло времето да го стори тоа. Подршка и благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Не толку за реплика, колку за појаснување. Колешката Лилјана Поповска добро знае дека од 2004 до 2006 година кога таа заедно беше во коалиција со СДСМ и останатите политички партии на власт, беа донесени еден сет на закони од областа на животната средина и не е точно дека само оваа Влада имала слух за заштитата на животната средина. Владите во континуитет водат сметка онолку колку што можеме во оваа ситуација во која се наоѓаме. Да напомнам дека голем број од законите кога на власт беше СДСМ заедно секако тогаш беше мојата колешка со нас и го донесовме целиот сет на закони од областа на екологијата и овие закони ги усогласувме со европското законодавство. Секако дека овој процес не е завршен. Денес имаме нова измена на овој закон и ние како пратеничка група ќе го подржиме овој закон и сакаме уште еднаш да кажеме дека не е работата во донесување на закони, секако мора да бидат донесени, но најважно е нивната имплементација. Ние ќе го подржиме донесувањето на овој закон, се грижиме за животната средина, но секако треба да бидем будни околу имплементацијата како најважен процес од целокупната оваа работа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контрареплика е пријавена госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитувана колешке Цветанка Иванова, се разбира дека Република Македонија има правен континуитет и во континуитет носи закони со кои што се прибилижува кон европското законодавство и тоа е она добро кое што секогаш го истакнуваме во средбите со сите претставници од надвор, а меѓу себе си се потсетуваме. Меѓутоа, факт е дека на планот на животната средина ние сме во една катастрофална состојба и оваа е прва Влада која што сеопфатно се зафати со решавање на проблемите за животната средина и резултатите веќе гигледаме. Значи, сигурно дека било правено нешто и порано, не сме се тргнале од нула, меѓутоа не било доволно и немало дозаокружен систем. Сега се гледа дека се настапува сериозно и се опфаЌаат повеќе сегменти за да се дозавршат работите и на крајот резултатите да бидат видливи. Мислам дека резултатите веќе почнуваат да станиуваат видливи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер.

Ме радува секогаш кога се носат закони, особено од оваа сфера кои што ја зголемуваат, како што рече почитуваната колешка катастрофаланта ситуација во Република Македонија во делот на управување со отпад. Мислам дека во најголем дел работие се и ако зборуваме за волја на вистината се токму такви. Состојбата е таква каква што е, меѓутоа добро е кога се носат закони и ние иако како луѓе, како граѓани на оваа држава се залагаме истите не само да бида донесени, туку и да бидат иплементирани.

Она што мене ме радува во овј момент е дека стратегијата Владата веќе ја донела и дека токму овој Предлог закон за кој што ние денес раслраваме, основното на чело е начело на одговорност на произведувачот. Тоа е еден новина која што јас ја поздравувам, регулирано е тоа во член 12-а, меѓутоа она што го кажа и почитуваната Цветанка Иванова до каде е со подзаконските акти за спроведување односно имплементација на постојните закони.

Јас само би спомнал дека и во минатиот состав кога зборуваме и го носевме Законот за управување со отпад, ми се чини беше во 2007 година, спомнав некои работи кои што до сега не сум чул дека токму оваа Влада презела нешто за надминување на катастрофалните состојби. Се сложувам со почитуваната колешка Лилјана Поповска, катастрофалната состојба во оваа област, особено во главниот град на нашата држава. Имено, би поставил неколку прашања и би молел за одговор. Дали Владата на Република Македонија има идеја што ќе се прави си иљадниц тони опасен отпад, што во најголем дел е складиран во Скопје, се разбира дека решенијата според мене се две. Или да настане хаварија или истиот треба да се дислоцира. Трето нема, меѓутоа како што оди времето ќе почекаме па ќе видиме што е она трето. Бидејќи, колку што ми е мене познато во Република Македонија, јас би замолил за малку тишина, не знам дали се слуша кај заменик министерот, маѓутоа дали во Република Македонија постои било каква санитарна депонија, било каква инсталација која што го третира опасниот отпад, жариштето во Охис и во Царинарница веќе зборував тоа се иљадници тони на опасен отпад и треба нешто да се преземе, со кои подзаконски акти и како мислите да го спроведете тоа.

Она што е многу важно, а кое што требаше вие до сега да донесете подзаконски акт, тоа е третманот на медицинскиот отпад. Медицинскиот отпад е и сега третиран односно е спомнат, меѓутоа знаеме дека без сериозна имплементација н а тој подзаконски акт тешко дека ќе можеме ние во Република Македонија да зборуваме за третман на медицинскиот отпад кога знаеме дека само во Дрисла постои уред за согорување на тој отпад и таа печка е со ограничен век и знаете и самите почитуван заменик министер колку уште време е останато да дојде до целсона замена на таа печка. Инаку без разлика дали се работи за цврст, за течниот да не зборувам медицински отпад, на сите страни гледаме се отвораат лаборатории, амбуланти и болници, меѓутоа колу што мене ми е познато единствено Урегентниот центар работи или се третира медицинскиот отпад и тоа само црвстиот, додека течниот, крв, плазма, биохемиски лабораторсиски отпад микој не го третира и никаде во Република Македонија. затоа, по малку е смешно кога Ќе видите дека некој наплатува 50 евра заради тоа што одејќи по улица имал потреба да плукне.

Почитуван заменик министер има нешто што е многу поважно. Јас ќе гласам за овој закон од едностевна причина што го почитувам начелото на одговорност на производителот, а тоа е следното. Во светот денес се појавува и уште еден отпад кој што во Република Македонија се надева во наредниот период ќе биде третиран а тоа е електричниот и електронскиот отпад или популарно наречен неотпад, кој што зема сериозен замав особено во светски рамки после 1980 година. За само десет години во светот имаме повеќе од 500 милиони компјутери, рачунари кои што одат на отпад, да не зборуваме за пластиката, но мораме да зборувам еза оловото, за живата итн. Сега глдедаме имаме комплетна компјутеризација на училиштата или на се она што се движи или не се движи во Република Македонија, а знаеме дека рачунарите се само еден дел од е-отпадот. Проблемот наеднаш ќе прерасне и во Република Македонија како оној цврст и течен опасен отпад за кој што по три години зборувам во Парламент и оваа Влада нема слух да се справо со него. Истото ќе биде и со овој електричен односно електронски отпад, значи, ако знаеме дека дизајнерите работат навистина брзо и дека рачунарите секојдневни имаат пократок век на траење и ако во секој рачунар имаме околу 3% или поточно 2,7% отровни состојки тука не земајќи ги мобилните телфони во Република Македонија, тој проблем може многу брзо да стане многу сериозен и пак да слушнем дека со накаква одлука граѓните ќе треба да плаќаат некакви казни кои што нема да бидат соодветни заради тоа што ние може да го донесеме овој закон без никакви дискусии, меѓутоа колку ќе биде имплементиран е она Што треба да ги интересира граѓаните. Мислам дека добро е сите оние кои што увезуваат производи особено од делот од електронскиот и електричниот отпад треба да ја имаат продолжената одговорност на производителот. Тоа е рамка за која што во Законот треба да постои и стои во определен дел, меѓутоа не онака како што тоа би требало можеби да се третира, но ајде за почетокот ќе дадеме подршка и на тоа. Бидејќи секој закон кој што започнува и завршува со тоа дека имплементираме некој или имаме транспонирање на некоја директива од Европската унија, јас ќе дадам подршка на овој закон, меѓутоа уште еднаш апелирам медицинскиот отпад во Република Македонија конечно треба да почне да се управува со него и што со него.

Втората работа е кога Владата на Република Македонија ќе изнајде начин да почне или ќе се јави да почне да го дислоцира иљадници тони на опасен отпад има само во Скопје. Што со него? Тоа се главните прашања кои Што го третираат и овој нов закон за управување со отпадот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам

За реплика се пријави заменикот министер за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам.

Ова не би било реплика, би било одговор на прашањата што беа поставени. Дали ќе се донесат подзаконските акти. Јас само да напонам дека некои подзаконски акти веќе се во фаза на завршна изработка, тоа е подзаконскиот акт за локација на центар со управување со отпад и на емисија на штетни гасови, додека одредни други сегменти ќе бидат уредени со закон. тежината на

законот уште повеќе се издигнува на ниво со тоа што батериите и отпадот за пакување ќе бидат дигнати на ниво на закон, а со уредбата која што ќе биде донесена за електрична и електронска опрема на која што веќе се работи ние сметаме дека овој сегмент ќе го заокружиме и навистина одговорноста на производителите ќе биде доведена до највисоко можно ниво.

Од друга страна да напоменам дека Националниот план за управување со отпад е веќе во јавна расправа, се наоѓа и веб сајтот на Министерството, даден е на мислење до сите институции изработениот национален план кој што ќе биде усвоен и во него се дефинираат жешките точки, така што проблемите на Макстил и Охис детално се предвидени како понатаму и во кој период, еден многу раток период ќе мора да бидат решавани. Токовите на опасен отпад на тоа работиме и минатата недела се формира тим во Владата кој што ќе работи. Ние имаме две сценарија, едното е да се извезе, го попишуваме и со стручни тимиви не само во министерството и надвор од Министерство , што значи веќе се работи да се детерминира и детектира кои се тоа видови и како со него ќе се постапува.

Од друга страна тоа што ме прашавте за медицинскиот отпад на крај би сакала да кажам дека Министерство за животна средина ја изработи студијата за проблемите на медицинскиот отпад. Со сите сегменти тоа е дефинирано и во Националниот план и ние веќе распишавме тендер за изградба на инселератор кој што ќе го третира и медицинскиот отпад на најсовремен начин така како што бараат европските директиви и тој инселератор односно тој горилник ќе биде еден од најсовремените на Балканот. За тоа се обезбедени средства и од Владата и од Гранд на Инвестициониот фонд на Република Словенија и ние веруваме дека во тој сегмент сме балканска држава која што на најсоодветен начин поаѓајќи од почетокот на реализација на овој проблем, ќе можеме овој проблем конечно да го дефинираме и како таков да го заокружиме. Од наредната година од средината на јуни веќе сите оперативни планови ќе бидат готови и тогаша ќе можат центрите да бидат давани по управување и со концесии и приватно јавно партнерство. Навистина, Министерство за животна средина и просторно планирање е целосно посветено и приоритет дава на проблемот на отпадот и сериозно на овој проблем и натаму ќе работиме, нормално и со ваша подршка. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам и јас.

Не контра реплика, колку повторно прашање или одговор на она што го кажавте. Јас не го спомнав радиоактивниот отпад кој што еве даречеме е мода во Скопје да се прибираат громобраните и да ги складирате токму онаму каде што не треба. Ред е да преземете нешто и да ги дислоцирате од таму.

Втората работа за која што мислев дека треба да кажете, а тоа е дека при носење на било каков законски акт постои рок. Последниот закон за управување со отпад беше донесен во мај 2007 година и ми се чини дека подзаконксите акти беа врзани со време и требаше да бидат донесени до сега. Така што, помина тој период. Сега повторно слушаме дека подзаконските акти ќе бидат донесени до година во јуни. Сосема седно, нека бидат и во јуни.

Меѓутоа, почитуван заменик министер мора работите да ги тргнете од мртва точка. Не сакам да зборувам за капацитетот на Министерството, меѓутоа за квантитетот секако дека вие сте одговорни. Немате персонал да ја почнете да ја извршувате работата, а не за нешто друго.

**Светлана Јакимовска:** Има збор заменикот министер за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Соња Лепиткова:** Само кратко да кажам, значи подзаконските акти се донесени, јас зборував за оние подзаконски акти кои што треба да ги дефинираат проблемите кои што ги носат новите измени. Тоа значи регионалните центри, избор на регионални депонии. Значи зборував за тие подзаконски акти и уште еднаш да повторам Министерството за животна средина ќе формира посебен сектор за отпад и навистина како Министерството и како Влада формиравме Комитет за управување со отпад кои што директно го води премиерот на Република Македонија. Така да сериозноста и сериозниот пристап на овој проблем го покажуваме со тоа што веќе за прв пат еден современ инцелератор ќе се гради.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господиниот Петров Горан, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам.

Почитуван заменик министер, почитувани господа колеги пратеници.

Би сакал и јас да се придружам кон, претпоставувам сите претходни дискутанти кои што начелно ги подржаа овие промени во законот и сметам дека она што како дискусија произлезе од сите нас е дека сите сме совршено свесни за состојбата во која се наоѓа Република Македонија во делот на собирањето, управувањето со отпадот. Она што донесуваат овие измени на законот би ги поделил на два дела.

Првиот дел е нормативниот дел, односно создавање на правен основ со кој што се создаваат предуслови за формирање на јавни претпријатија врз основа на Законот за јавно приватно партнерство, за формирање на меѓуопштински регионални депонии затоа што очигледно е дека сите опшитни до крај не можат да организираат сопствени локални депонии. На овој начин сметам дека со отворање на пазарот на услуги во делот на управувањето и собирањето на отпадот ќе се создадат услови

многу бргу да се отпочне со една конкурентност односно формирање на јавни претпријатија кои што многу поуспешно и поцелисходно ќе го третираат овој проблем. Факт е дека сите се согласивме дека состојбата со оптадот е во голема мерка незадоволителна, јас тука би го навел податокот дека 70% од населението се покриени со било какви услуги на одредени јавни претпријатија за собирање на отпад. Тоа значи дека останатите 30% од населението апсолутно немаат никаква можност во нивната животна средина да има било каков стопански субјект кој што ќе стопанисува, ќе го собира и ќе го управува овој отпад. Како во делот на комуналниот цврст отпад, така и во делот на другиот неопасен отпад, сега засега важи начелото само за неселективно прибирање би рекол солудо трошење на многу енергенси и можеби можност со рециклирање да дојдеме до одредени материјлани вредности кои што не само што ќе ја подобрат сосојбата со животната средина туку и на одреден начи ќе покажат дека како држава умееме да се снајдеме и да се справиме со проблемот со отпад. Бидејќи има една максима која што вели, само сиромашните се доволно богати да го расврлаат отпадот, тоа би значело дека индустриски развиените земји апсолутно не постапуваат со отпадот онака како што постапуваме ние.

Би сакал да кажам дека со формирањето на овие јавни претпријатија, се надевам дека со правилен пристап, со селективен пристап во собирањето ќе дојдеме до ситуација сите врсти на неопасен отпад да бидат правилно третирани и во најголема можна мерка рециклирани за повторно да бидат вратени во употреба. Сметам дека тоа не е невозможно баш напрови треба да се создадат овие правни предуслови, а пазарот ќе си го направи останатото и впрочем потребата животната средина да ја држиме на едно ниво во кое што сите го посакуваме.

Би сакал тука да потенцирам уште еден момент од предложените измени, а тоа е за мене, во делот на имплементацијата на постојниот закон. Минатата година бевме сведоци на една одлука на Владата по која што сите отпади беа затворени времено затоа што веќе не можеше да се замижи пред еден факт, се побројните и за жал, почести меѓутоа и по вредност поголеми кражби од разните јавни претпријатија, веќе ги преминаа границите на нормално однесување мислам на Македонски железници, на ЕВН. сведоци сме дека овие јавни претпријатија трпеа милионски штети затоа што релативно или многу мал број од луѓето кои се занимаваат со собирање на отпад се дрзнале да земаат делови од опремата како што беа спојниците на шините и праговите, делови од далекуводи, значи не се работеше за отпад туку за работи кои што беа во функција. Да бидеме искрени сите тие работи кои што беа отѓувани од јавните претпријатија завршуваа на отпадите. Меѓутоа се покажа дека и затворањето на сите отпади не е продуктивно, затоа што со еден потез се направи неселективен пристап кон стопанските објекти кои што откупуваат отпад. Со мерката која што сакам посебно да потенцирам во овие измени, воведувањето на видеонадзорот се надевам дека конечно ќе се стави крај во тоа беззаконие, бидејќи ќе повторам, многу мал дел од луѓето се дрзнуваат на незаконски начин да дојдат до одредени предмети кои што не се отпад туку напротив претставуваат функционален дел од опремата и на јавните претпријатија меѓутоа и на некои физички и правни лица. Она што е добро во сета оваа работа. 24 часовниот видео надзор ќе делува превентивно секој кој што смета дека може да потури одреден украден предмет, да биде регистриран и соодветно санкциониран. Тука се и усогласувањето со Законот за прекршоци, за оние правни и физички лица кои ќе донесат на отпадот предмети кои што ги стекнале по незаконски пат, меѓутоа и казнената одредба за правните субјекти и отпади кои што собираат отпад да мораат да имаат видео надзор. Сето ова, длабоко сум убеден, е во голема мерка потребно, за самите субјекти бидејќи никој не сака, посебно оние сериозни отпади, субјекти кои откупуваат илјадници тони, дел од нив ги извезуваат со тоа остваруваат и девизен прилив за нашата земја, не сакаат заради предмет од 10, 20 или 30 килограми украден, да бидат затворени и да ја изгубат лиценцата за работа. За жал, досега сето тоа беше ставено во еден кош за тоа што навистина без претходно поставениот видео надзор беше апсолутно невозможно да се запрат ваквите кражби. Сега на овој начин со превентино делување преку системот за видео надзор сметам дека субјектите кои вршат откуп на отпадот ќе бидат во целост растеретени од тоа дали некој ќе ги санкционира заедно со сите други или пак ќе се постапува онака како што сметам дека е правилно. Секој кој што ќе се дрзне да го прекши законот да одговара за своето дело, а оние кои што сакаат и работат чесно и транспарентно да бидат и понатаму во функција да го остваруваат сето ова. Мислам дека е доблесно од Владата што релативно за краток период има доста измени на законот, на постојниот закон во насока да се обезбеди подобра имплементација на постојниот закон во делот на управувањето на отпадот, во делот на селектирањето на отпадот исто така и во нормативниот дел, во делот кој што ќе ги регулира сите правни основи за да може конечно да се формираат тие долго посакувани јавни претпријатија кои што нема да бидат само откупувачи на отпад бидејќи ќе се повторам, многу е важно да пристапиме правилно кон проблемот на собирање и селектирање на отпадот. Сепак не сме држава кој што е богата и да може да се расфрла со вако вид, ќе речам и на потенцијални енергенси меѓутоа и на потенцијални рециклирани материјали кои што повторно се враќаат во употреба. Тоа би требало, се надевам Владата ќе има слух и преку други законски проекти да го стимулира овој процес на рециклирање и со тоа директно да придонесе за подобрување на условите на

животната средина. Поради ова, овие забелешки кои се обидов да ги нотирам и поради другите кои што поради времето не успеав да ги наведам јас ќе дадам подршка на овој закон, се надевам дека и другите колеги пратеници ќе го подржат законот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Овде ја прекинувам денешната седница, истата седница ја продолжуваме утре во 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)